## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2001 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Законодавно-правната комисија, Дописот на Комисијата за политички систем и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, дами и господа,

Со оглед на тоа што сега работиме по точки од Шеесет и деветтата седница, кои предлози се дадени уште во јануари о.г., јас би сакал веднаш да го кажам мојот пристап и моето видување за 15-та и 16-та точка од дневниот ред, за подоцна да не се повторувам.

Насловот на Законот е многу обемен. Содржината што е внатре опфатена, за жал не е. Тоа што Собранието не е во центарот на политичката моќ во Република Македонија делумно се должи на состојбите кои се во политичките партии и мислам дека она мнение, она мислеше што е доставено од Владата, а тоа е негативно, во случајов е коректно. Срцта на темата политичка партија и нејзино опстојување, нејзино работење, не е опфатена. Независно од тоа, јас ќе го поддржам законот како таков, мислам Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, но би сакал да укажам на следните нешта.

Со оглед на доставениот амандман за бришење на член 2, кој амандман уследи откако Уставниот суд донесе соодветно решение, сиот Предлог закон се исцрпува со еден член. Мислам дека упатено ќе беше предлагачите тука да се осврнат барем на Преодни и завршни одредби, затоа што во случај да постојат трговски друштва формирани од политички партии, ќе мора да има начин по кој тие друштва ќе бидат или згаснати или пак преведени во друга сопственост. Тоа нешто тука изостанува.

Второ, ми се чини дека коректно ќе биде да се говори, не за формирање на претпријатие, туку формирање трговско друштво. Но, јас мислам дека и тоа не е доволно ако беше интенцијата на предлагачите политичките партии да не се занимаваат со профитабилни дејности, тогаш ќе беше исто така на место да се предвиди за политичките партии забрана или немање достап до акции или удели на трговски друштва. Тоа, чинам, е еден од недостатоците во овој предлог.

Инаку, политичките партии се потребни на системот, потребни се да бидат главен промотор и средина каде што ќе се врши претрес на извесни политички содржини со конкретна ориентација. Но, состојбите што ги имаме во Република Македонија во политичките партии се далеку од тоа да добијат пофалба. Мислам дека доколку постои голема коалиција, една од нужните промени е токму Законот за политички партии, но тогаш веќе со стандарди од државите на Европската Унија. По однос на вториот закон, накусо само ќе кажам, за подоцна да не барам збор или може и сега да престанам околу избор на пратеници и тој закон сакам да го поддржам, но и таму ми недостигаат Преодни и завршни одредби.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Бошков.

Збор има Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани пратеници,

Јас се јавувам во својство на еден од предлагачите на законот, што беше логично и во целост се согласувам со колегата Бошков, кој истакна на почетокот на одредени дали недоследности или одредено доградување на овој закон.

Прво, би сакал да кажам дека функционирањето на политичките партии, односно нивното финансирање е многу значајно прашање во секоја држава, пред се, од аспект на стекнување на средствата,

нивното располагање, поготово врз основа на познатите извори за финансирање на партиите. Секоја држава врз основа на својот степен на демократскиот развој го развива тоа законодавство и го надградува. Така и Република Македонија во својот Закон за политички партии го регулира на извесен начин финансирањето на политичките партии како основ за развој на плурализмот и на демократските процеси во Република Маке-донија. Врз основа на тие законски одредби, Собранието на Република Македонија донесе Закон со кој изречно кажа дека политичките партии во Република Македонија, средствата за своето дејствуваше можат да ги стекнуваат од членарина, прилози, потенцирам приходи од сопствен имот, кредити, подароци, дотации и легати и од Буџетот на Република Македонија. Во извесен период на функционирање на повеќепартискиот систем во Република Македонија овие одредби од Законот за политички партии функционира во еден баланс со средствата кои ги остваруваа политичките партии, особено средствата од Буџетот и прилозите.

Би сакал да истакнам посебно со доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ Демократската алтернатива, Демократската партија на Албанците или ПДП-НДП, оваа одредба од Законот за финансирање на политичките партии во својата најгруба форма, во својата најбрутална форма, беше злоупотребена во сите аспекти на своето постоење и регулирање. Сите сме свесни дека оваа коалиција од својот прв ден од своето владеење почна да купува фирми, почна да основа фирми и во системот на доградени или недоградени мерки на приватизација во Република Македонија, сметајќи дека решението во Законот за политичките партии дава можност за такво однесување. Иако, во целиот тој период од страна на средствата за информирање, од другите политички партии беше укажувано дека таквото однесување е во спротивност со сите морални, етички, партиски и сите други однесувања во делот на транзициониот развој на Република Македонија. И преку разните форми, преку Агенцијата за приватизација, не би рекол, бидејќи разни злоупотреби јавно и целосно ВМРО-ДПМНЕ ја застапуваше тезата дека политичките партии во Македонија може да имаат имот, може да имаат свои фирми, а во тој дел не можат да дојдат со сите други закони за повластување на пазарот, за антимонополски дел и слично. Во тој дел тие сметаа дека ова решение во Законот за политички партии им дава таква можност. И, сите сме свесни што се случи со едно единствено образложение, затоа што политичката партија тие сметаа дека треба да истапува ва пазарот рамноправно со сите без одредени други ограничувања, да остварува профит, затоа што кога ќе оди во опозиција таа треба да биде богата, своите членови да имаат средства да ги остваруваат своите функции на маркетинг, избори, предизборни и слично. Тоа беа нивните ставови. Врз основа на тие согледувања ние пратениците, јас и Биљали сметавме дека таквото однесување во една демократска процедура треба да го надградиме тој дел и делот од Законот за политички партии каде што се вика дека политичките партии можат да остваруваат приходи од сопствен имот, да се брише. Ние го предложивме тоа во ова решение.

Врз основа, морам да кажам, на овој закон претходно постоеше иницијатива од Демократскиот сојуз, од политичката партија Демократски сојуз на Република Македонија до Уставниот суд за испитување на уставноста на одредбите од Законот за политички партии со Уставот на Република Македонија. Тоа претходеше на нашево поднесување на овој закон. Со оглед на коалицијата на власта или политичката партија ВМРО-ДПМНЕ продолжуваше и понатаму да го остварува својот план кој сметаше дека е нормално законски исправен врз основа на се, и понатаму продолжуваше да ја остварува својата стратегиска цел за купување на фирми, стекнување на имот, на станови, на хотели, на земјоделски задруги, кокошарници, до целокупниот развој, ние се определивме да предложиме ваков закон во една поитна постапка, иако знаевме дека ,во извесна смисла Уставниот суд, размислувањата и на целокупната политичка и правна јавност во Македонија овде дека е тоа спротивно на Уставот и на Законот. Меѓувреме, бидејќи Собранието во своето работење имаше празни входови, не заседаваше, овој закон одамна требаше да оди на Парламент, Уставниот суд донесе одлука со која ги поништи одредбите од Законот за политичките партии. Тоа значи дека поништувањето значи дека не постоела таква одредба и се она што е досега направено треба да се врати во првобитна состојба.

Врз таквата одлука на Уставниот суд по барање на Демократскиот сојуз, политичката партија ние интервениравме во овој закон и вие добивте еден амандман, бидејќи нема никаква правна логика и смисла она што е поништено да постои и овој Парламент да расправа, ние го

повлековме, односно донесовме како предлагачи, кој е составен дел и овој закон сега има само еден член. Тоа е членот врз основа на одлуката почитувачка на Уставниот суд, ние уште повеќе го доградуваме Законот за политички партии и викаме дека политичката партија не може да добавува профитабилна дејност, ниту за таа цел да формира претпријатија. И, сметаме дека има потреба дека го надградува правниот систем во Република Македонија за функционирање на плуралистичкото општество во нашите услови.

Во оваа прилика пред овој Парламент се е јасно и се е чисто во правна држава кога се донесува почитувачка одлука да се пристапи, сега би кажал, она што го бараше колегата Бошков, Бошков кажа дека предлагачите немаат завршни и преодни одредби во делот на спроведување, односно враќање во првобитната состојба.

Колеги пратеници, Одлуката е на Уставниот суд, дури и не се коментираат, тие се извршуваат. Но, многу е проблематично, многу е проѕирно она што се случуваше после донесување на Одлуката на Уставниот суд за поништување на одредбите за финансирање на политичките партии врз основа на свој имот, свои фирми. Се случи она што во една прилика јас го зборував овдека кога беше Законот за пензионирање. Без никаква демократска одговорност Владата на Република Македонија, претходната, ја повтори онаа постапка, ја повтори постапката што Одлуката на Уставниот суд наместо да се објави во сите легални, легитимни и во нормална процедура во "Службен весник на Република Македонија", таа ја задржа Одлуката. Ја задржа Одлуката за да во меѓувреме се направи нешто што не е во ред и во оваа прилика сигурно ќе слушнеме, веднаш се почна да се врши и претходно притисок на највисокиот суд во Република Македонија, легитимен орган, Уставниот суд.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

(Продолжение)

Ние сме сведоци дека се укинуваат паушалите,се исклучуваше парното греење. Одлуката на Уставниот суд не се објавуваше во"Службениот весник". Во една прилика јас говорев и да се покрене одговорност на директорот на "Службен весник". Не може никој во РМ донесена одлука, доставена од Уставен суд да ја задржува, да не ја објавува. Точно е дека беа објавени 3-4 броја "Службен весник", оваа одлука не се објавуваше. По трагично е што водечките личности, личностите за водење на оваа операција во ВМРО-ДПМНЕ презедоа активности на менување, во тој меѓу период до објавувањето во "Службен весник", за менувањето на фактичката состојба. Врз основа, не можам да кажам, врз основа на одредени притисоци на регистрационите судови, се премина, се промени титуларот на носителите, од ВМРО-ДПМНЕ како основач се отиде на одредени личности. И, фактичката состојба сега е, фирмите што ги имаше ВМРО-ДПМНЕ се на одредени носители, личности од политичкиот врв на ВМРО-ДПМНЕ.

Господа пратеници,Во тој дел имаме две одредби. Ќе го цитирам пак Бошко, одлуките на Уставниот суд и сите правосилни одлуки на секој суд се извршуваат. Особено највисок степен е да се поништи.

Што требаше да се направи? ВМРО-ДПМНЕ и другите политички партии, сигурно јас не ги исклучувам тука дека имаат сите, ќе кажат и некои други политички партии, имаме два модели на постапување, на извршување на одлуките на Уставниот суд. Одлуките на Уставниот суд се однесуваат на оние на кои  имаат правно дејство. Доколку тие не ги извршуваат, особено државните органи, ние, согласно Законот за Влада го регулиравме тој однос. Владата носи заклучок и ги задолжува да ги извршат.

Во тој правен лавиринт има два модалитети, два модели. Едно е , фирмите што , политичките партии што ги купија преку Агенцијата за приватизација или банките или за другите што зборував, од поранешни титулари, со разни финансиски трансакции, враќање во поранешна состојба, тие фирми треба да се вратат во првобитна состојба. Тоа е извршување на одлуките. Парите што ги дале овие политички партии треба да ги вратат на основачите и во друга, друга процедура да продолжи нивниот начин на приватизација , до приватизација или да котираат на берзата.

Вториот начин, врз основа на ова поништување, на оваа почитувачка одлука на Уставниот суд е оние фирми што ги формира ВМРО-ДПМНЕ со свој основачки влог, тие фирми, сигурно, во една ликвидациона постапка, согласно Законот за ликвидација и Законот за трговски друштва треба да престанат со работа и средствата да се распределат.

Од тоа ништо не се случи. Од тоа сме сега во РМ во еден статус кво. Точно е, некој ќе рече, дека политичките партии во таа една реална состојба не мора да

основаат фирми на свое име, ќе основаат на одредени личности, па профитот ќе се префрлува. Не е суштината во тоа. Суштината е во делот на неизвршување на одлуките. ВМРО-ДПМНЕ сакаше да го изигра Законот. И, врз основа, сметам дека овие укажувања би требале да делуваат во смисла на исчистување на правната состојба во интерес на демократијата и понатамошното функционирање на политичкиот систем во РМ.

Што треба сега да се случи? Сега треба да се случи, судовите кои ,не знам дали извршиле пререгистрација по донесување на Одлуката треба да ја испитаат целокупната документација за начинот на основањето, ако сакаме да ја извршиме одлуката на Уставниот суд.

Во делот на овие два модалитети, на фирмите кои се купени и фирмите кои се основани, да се изврши преиспитување. Инаку, правната држава во РМ нема да функционира. Нема да функционира оти ние, кои сме носители на власта и кои ја спроведуваме власта и кои ја изигруваме власта.

Затоа сметам дека овој Закон треба да се поддржи, бидејќи надградува одреден систем, а не доведува до промена на фактичката состојба. Одлуката на Уставниот суд да се изврши целосно , а додека одлуките на сите судови, особено на Уставниот, треба сите граѓани во РМ да ги почитуваат. Затоа сметам дека ваквиот начин не доведува до функционирање и развој на демократијата и сметаме дека овој закон да се донесе за политичките партии, своето работење да го усогласат со одлуките на Уставниот суд и со одлуките на овој Парламент.

Благодарам.

(Во отсуство на претседателот на Собранието, седницата продолжи да ја раководите, г-динот Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Биљали Мерсел.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван г-дин потпретседател, дами и господа пратеници,

Од формално-правен аспект или од уставно-правен аспект,односно основите на нашиот политички систем се засноваат врз плурализмот, односно повеќе партиско општество. При такви околности, при таков амбиент е сосема логично, сосема нормално, па дури и начелно правилата на политичките игри да мора да се засновуваат врз начелата на рамноправност. Значи, основ на логика при такви односи, основно начело при такви односи е рамноправниот третман на политичките субјекти кои учествуваат во политичкиот амбиент.

Овој третман, односно оваа рамноправност е посакувана и за време на изборите и во периодот помеѓу изборите, па и во одделни манифестации. За време , односно политичката рамноправност на овие структури е пожелна и помеѓу изборите односно помеѓу фазата на изборите од причина што сепак, политичките структури, политичките партии кои поседуваат имот, на различен начин стекнат имот, очигледно ќе дојдат до поголеми средства, до поголеми финансии што практично ќе овозможи да организираат разни манифестации што ќе одат во прилог на нивниот маркетинг, разни трибини, разни округли маси, разни приеми па и други манифестации што завршуваат односно целта им е политички маркетинг.

За време на изборите , очигледно политичките партии кои поседуваат имот и практично со поголеми средства, надвор од Законот за политички партии, практично вршат дебаланс на односите и се што се појавува како резултат на изборите не е реално, односно не е рефлекс на реалноста, на реалната волја на граѓаните кои излегле на гласаше и кој гласале, туку е одраз или последица на финансиските средства, партии така натака.

Значи, рамноправниот третман на политичките партии се нарушува во тој момент кога ќе се наруши финансискиот баланс предвиден според Законот за политички партии и духот на Уставот на РМ.

Во меѓу изборната фаза, очигледно, политичките партии кои поседуваат финансиски средства стекнати на нелегален начин , надвор од духот на Уставот, надвор од Законот за политички партии, очигледно ќе има доминантно и перманентно влијание врз медиумите , било да се работи за печатени медиуми, било да се работи за електронски медиуми, за разлика од другите партии кои никако немаат шанси да се справат при недостаток на финансиски средства.

За време на изборите политичките партии кои дојдоа до нелегални средства, до нелегални пари, очигледно дека тие пари освен за финансираше дополнително на платената кампања, програма предвидена според Законот, очигледно ќе учествуваат и на нелегален начин односно противзаконски начин, па тука се прават и тешки кривични

дела, купување на гласови и т.н., што не може да се негира дека не било присутно.

Мислам дека таквите односи завршуваат во дијаметрална спротивност со начелата на едно демократско општество. Сето тоа што може да биде резултат на изборите, при такви доминации на нелегални пари, веројатно не е рефлекс на легалната волја на граѓаните, туку на криминалните дејствија.

Некои партии, некои политички партии, за жал, до сега се покажа дека не се подготвени да манипулираат со државните пари или средствата на граѓаните за да купуваат претпријатија, економски субјекти, туку со разни провизии, квоти, контингенти и т.н. доаѓаат, па дури и процент на услуги доаѓаат до пари. Да не спомнувам начини на црни фондови што некои политички партии ги користеа за време на изборите.

Ако се дозволува политички партии да формира претпријатие, односно економски субјект, фактички да вршат профитабилна дејност, мислам дека ова дијаметрално се коси со најмалку 3 точки:

Прва точка, таквата дејност, профитабилна дејност спротивно на природата на политичките партии што се формирани за други цели, а не за профитабилна дејност, ако сака некој да формира организација или претпријатие за економска цел, веројатно тоа право го има. Меѓутоа политичка партија, според било каква логика, според духот на Уставот, според Законот за политичките партии тоа право воопшто го нема.

Второ, ако се формираат такви партии, што сме сведоци дека некои партии формираа такви претпријатија и почнаа да купуваат субјекти и т.н., секому е јасно дека со тоа практично се врши економска или трговска дискриминација меѓу субјектите. Од причина што тие претпријатија, тие економски субјекти кои припаѓаат на една политичка партија, особено која е на власт, веројатно нема да важат истите правила во однос на увоз-извоз, купување на суровини, продажба и т.н. Значи, се нарушува основниот концепт на рамноправноста на пазарот.

Трето, ова е спротивно на Уставот од причина што со ова се нарушува главниот столб на Уставот на државата, а тоа е рамноправна конкуренција без монопол на сите економски субјекти.

Мислам дека со овој закон не правиме доволно, правиме само важни чекори кон таква можност. Меѓутоа, мислам дека е многу важно каков пристап ќе имаме кога ќе го усвоиме законот за изборите, од причина што јас сум на мислење дека ако таму не усвоиме доволно силни механизми што ќе вршат контрола и каде ќе се предвидат силни санкции против политичките партии кои ќе настојуваат со пари да дојдат и до гласови, тогаш не сме направиле ништо. Тогаш овој закон , па и сличните закони ќе бидат само декларативни и ништо повеќе.

Значи, како што кажа г-динот Гештаковски, практично членот два, тука не постои од причина што Уставниот суд тоа го укина и ние како закон го поднесуваме, како предлог на закон ја поднесуваме само формулацијата од членот еден. Беше кажано тука зашто овој закон нема преодни одредби. Мислам дека тоа е во ред. Сосема е познато дека одлуките на Уставниот суд се конечни, извршни. Меѓутоа, мислам дека, со вториот предлагач ќе се консултираме дали е можно да се предложи амандман, дополнителен каде ќе постои формулација дека досегашните фирми односно субјекти по автоматизам ќе се смета за државен имот од причина што тие се купени со државни пари.

Благодарам.

**ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Јованов Никола.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Г-дин потпретседател, колеги пратеници,

Веднаш на почетокот да кажам, во дух на една интервенција на излагањето на г-динот Гештаковски кој своето излагање го почна со поистоветување политичките партии во една коалиција. Така што кажа дека веднаш по доаѓањето на власт, партиите кои учествувале во коалицијата грубо се нафрлиле, со измената во Законот, на купување на партиски фирми.

Од ова место енергично демантирам такво едно тврдење и одговорно тврдам дека ДА воопшто , во ниту еден момент не учествувала во таков еден процес. Впрочем, една од причините поради кои излеговме од коалицијата е токму и ваквото нарушување на законитоста т.е. на Уставот , во што не сакавме да учествуваме.

Одлуката на Уставниот суд е позната. Таа е укинувачка. Еве можност интервенцијата, што апсолутно ќе ја подржиме, во измената на овој Закон, еве можност широката коалициона Влада да ја спроведе оваа укинувачка одлука на Уставниот суд. Нека ги санира состојбите што произлегоа од партиското купување на

фирми, за да може целиот овој процес да се заокружи како добра иницијатива.

Доказ за тоа дека секогаш сме се залагале за почитување на Уставот и другите законски прописи е тоа што сесрдно ја помагаме оваа иницијатива и ќе гласаме за неа. Меѓутоа, би сакале малку работиве да ги прошириме. Би сакале, на некој начин, како Собрание да се задолжи за давање една иницијатива до Владата, Владата да поднесе извештај до Собранието и до јавноста за кои тоа фирми се работи, што биле приватизирани на ваков принцип, купени на ваков принцип и во наредна една сесија да не запознае до каде е со спроведувањето, мислам на Владата, со спроведувањето на одлуката на Уставниот суд. Значи, работите да се санираат, да се вратат во постојната состојба пред ваквиот процес што бил спротивен со Уставот на РМ.

Затоа, во името на пратеничката група на Демократска алтернатива го подржувам предлогот  и се залагаме за спроведување на Законот и почитување на Уставот на Република Македонија.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине потпретседател, дами и господа пратеници, Уште на почетокот да го изнесам моето видување дека е ова едно половично решение, но и покрај тоа ние, како политичка партија ќе го поддржиме, бидејќи предлогот прави обид да го спречи натамошното ескалирање на ваквите состојби во областа која ги регулира прашањата, но тоа во целост не ги надминува сите проблеми и не ги решава сите ситуации кои се појавуваат во пракса. Самите предлагачи кажаа дека Законот не претендира, туку тоа е едно интервентно решение кое во иднина Владата треба системски да го реши и во целост сите аспекти на прашањето на функционирањето на политичките партии, нивното финансирање, нивното учество на изборите треба да го регулира еден нов акт кој во целост ќе ги регулира односите во оваа област.

Второ дел од прашањето кое се регулира со овој закон веќе е пресудена работа од страна на Уставниот суд и тој во целост се совпаѓа со ставот на Уставниот суд по однос на прашањата околу формирањето на фирми од страна на политички партии.

Но, дека беше неопходна интервенцијата на Уставниот суд и на законодавецот макар и во ваква форма, очигледна е, бидејќи во пракса беа спомнати дезинформациите кои се јавуваат во различни форми на основање на фирми, на купување на фирми, дури и спротивно на законските решенија. Дел од активностите на политичките партии ги користеа слабостите или празнините кој ги има постојниот закон и постојните решенија, но во делот на купување на акции или фирми кои се во процес на трансформација односно транзиција дури се во спротивност со одредбите на Законот за политички партии и тука апсолутно директно се кршеше законот за политичките партии. Нема земја, доколку претендираме кон демократските земји, во која се дозволени вакви односи во оваа област и во која се дозволени профитабилни дејности на политичките партии за што моите колеги кои зборуваа претходно кажаа дека ги рушат двата основни принципи или начела на државното уредување односно на политичкиот систем на земјата, а тоа е политичкиот плурализам и пазарната економија.

Не треба да си многу паметен за да се сфати дека ваквиот начин на интервенција и делување на политичките партии е спротивно на уставниот концепт на земјата и овие принципи кои ги спомнав тргнувајќи од положбата на стопанските субјекти на пазарот и многу други прашања кои апсолутно не коинцидираат со нашите определби.

Но, ние, можеби и во последно време се соочивме со овие најдрастични деформации, но и во минатото сме имале ситуации каде можеби легалистичкиот пристап не е нарушен, меѓутоа, начелниот принцип е нарушен во однос на рамноправноста на политичките субјекти и принципите на пазарната економија. Затоа ја подвлекувам потребата и да упатиме порака до Владата што побрзо или во пакетот на измените на Законот за избори да се понудат решенија односно нов или измени на Законот за политичките партии каде ќе ги дорегулира овие односи и сите политички партии да ги стави во рамноправна положба односно да имаат рамноправен третман.

Инаку, само да спомнав во минатото неколку политички партии кои ги наследија претходните политички форми на организирање на граѓаните во Република Македонија факт е дека наследија одреден имот, простории и други права кои другите политички партии кои беа формирани со воведувањето на политичкиот плурализам

ги немаа. Познато ви е дека и денеска имате политички партии кои ги немаат решено основните принципи за делување како политички субјекти. Иако некои од тие политички партии биле на власт и сега се на власт немаат свои простории за делуваше, немаат елементарни услови за делување. Тоа прашање треба принципиелно Владата да го постави на маса и да видиме дали претходните политички субјекти кои ги наследиле правата од претходното политичко организирање во земјата ќе ги уживаат и понатаму тие права во однос на простории, во однос на имот, во однос на подвижен имот и многу други права. Навистина е недозволиво ваквата состојба да продолжи и понатаму.

Второ прашање кое треба да се регулира неминовно и прашање кое е регулирано во сите развиени демократски општества, тоа е начинот на финансирање на политичките партии. Не е доволна одредбата во Законот која го регулира ова прашање и која ги утврдува изворите на приходи на политички партии, донации, членарина и слични приходи. Државата мора да води грижа за легално функционирање и финансирање на политичките партии доколку сакаме да ги спречиме мотивите и потребите од нелегално или полулегално финансирање на политичките партии било тоа да е од земјата, а дотолку полошо ако е од надвор. Секоја држава која се обидува да воведе ред на овој план таа неминовно треба да се грижи како функционираат и како се финансирани политичките партии, а како ќе бидат финансирани доколку од Буџетот, од државата не се прави. Се разбира, тука треба да има параметри во однос на бројот на пратениците, бројот на освоените гласови на избори и многу други параметри кои можат да доведат до објективни критериуми за начинот на финансирање на политичките партии. Но, сегашната состојба е хаотична затоа што воопшто не предвидува никакви критериуми и тогаш ни е чудно како некои политички партии немаат повеќе пари некои помалку. Зошто некои политички партии кога доаѓаат на власт многу лесно прибегнуваат кон нелегално финансирање на нивните дејности итн. Тоа е сосема разбирливо.

На тој план секако се и прашањата кои се врзуваат за медиумите, за нивната презентација, за средствата употребени на изборите итн. Тоа е еден корпус на прашања кои идниот закон за политичките партии и за избори треба да ги регулираат за да ги намалиме притисоците за злоупотреба на положбата на политичките партии додека се на власт за дејствија кои се спротивни на законот дури и криминални, но од друга страна да им овозможиме законска положба на политичките партии во однос на нивниот материјален статус, финансирање и учество на изборите така и во однос на нивната презентација во медиумите, кампањите итн.

Оттука, уште еднаш ја подвлекувам потребата од целосно регулирање на односите во оваа област, но заради потребата од една интервенција за спречување на натамошните девијации во оваа област, го поддржувам законот и за него ќе гласам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Зибери.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, Би било добро на вакви теми да дискутираме во една нормална и релаксирана атмосфера, но за жал таква атмосфера не е околу нас, меѓутоа, и самите дискутанти кои пред мене дискутираа од нивните излагања се виде и почувствува атмосфера дека навистина е тема која денеска или утре ќе предизвика големо внимание што значи дека најверојатно е созреано времето политичките субјекти во Република Македонија сериозно размислуваат за изградување на еден нов концепт на еден ваков закон, бидејќи колегата Гештаковски она што го предлага и коле-гата Биљали е една интервенција од еден член или една реченица која по мене лично мислам дека нема кој знае што да исправи или измени. Ако внимателно го слушавме колегата Зибери тој искажа доста забелешки контекст на законот што сериозно наметнува потреба од размислување да се донесе Закон со сите оние забелешки што ги искажа Зибери за да може навистина добро да се размисли за сите други теми кои беа излагани а јас не би сакал да ги повторувам. Бидејќи не е само проблемот со овој еден член, проблемот е многу покомплексен и би било добро да се размисли за носење на еден комплекс поточно еден нов закон.

Ова е причината поради која сега на почетокот ќе кажам дека јас благодарение на тоа не сум подготвен да го поддржам овој закон поточно нема да гласам за. Тоа е една од причините, а другото ќе ви го кажам следното.

Сметам дека Законот кој го предлагаат колегите пратеници е беспредметен. По мене самиот закон е предложен во време кога беше донесена одлуката на Уставниот суд, таа одлука е поништувајќи што значи оваа одредба за која најмногу се крева прав е поништена, нема никакво правно дејство. Сега одеднаш да се јавиме во улога на предлагачи на закон кој сега со нашата законска интервенција ќе ги исправиме недоследностите кои до сега се применувале по мене го сметам за чисто лицемери затоа што таа улога ја направи Уставниот суд и апсолутно нема потреба да се оди интервентно со измени на законот.

Меѓутоа се отвораат неминовно кога дискутираме на оваа тема најмалку две-три прашања. И колегата Гештаковски и колегата Биљали, а и јас пред се сме правници и нормално ако нешто сме научиле од правото тоа е дека кога се носат законите уште во времето кога треба да ги изградиме или напишеме минуваат низ многу повеќе филтри додека дојдат до собраниската седница и основна интенција е да се носат закони и да се донесат јасни и прецизни со една единствена цел во својата примена не произлегуваат одредби кои ќе даваат проблеми или некакви недоследности или нелогичности кои потоа следат.

Овој закон е донесен 1996 година, но сепак пред пет години што значи кога се носел колега Гештаковски вие сигурно бевте член на Законодавно правната комисија, еве и јас сум член кога дискутираме таму, нормално ги гледаме член по член и тогаш треба да го разгледаме токму она како можело да се допушти во еден таков закон една ваква одредба која после пет, шест, седум години ќе стане предмет на оценка на уставноста пред Уставниот суд.

Еве, од самото ова произлегуваат неколку прашања кои треба сериозно да ги разгледаме. Ценејќи го вашето знаење господине Гештаковски и ценејќи ја Вашата стручност сметам дека или не сте го забележале или едноставно не постоела волја или не знам која била целта една ваква одредба да се вметне во тој закон, а после ќе зборувам што произлезе од тоа. Значи, тоа е едното прашање кое неминовно се отвора.

Второ прашање кое се отвора е токму она што го кажав од каде произлезе одлука на Уставниот суд после 6 години да цени една одредба дали е уставна или неуставна. Тоа е едната работа.

Втората да донесе почитувачка одлука, ние како правници знаеме дека Уставниот суд има две можности односно две одлуки кога одлучува тоа се почитувачки и укинувачка односи. Мене лично не би ме запрепастил Уставниот суд кога би ја укинал одредбата, би било логично ете шест години можеби не се покренала иницијатива или било како и се донела укинувачка, но почитувачка одлука во секој случај е доста дискутабилна. Самиот факт што 6 години опстојува тој закон со една таква одредба, во шест години се направени правни дејствија кои нанеле вакви или онакви реални состојби или факти кои се засновање на законот и сега вие со една почитувачка одлука да вратите нешто 6 години назад, јас не знам навистина како тоа ќе се оствари и како евентуално би се надокнадиле штетите. Само за колегите кои не се правници веројатно им е понејасно еве да објаснам само оној закон кога го донесовме за предвременото пензионирање. Уставниот суд донесе времена мерка која беше адекватна на мериторната одлука по три-четири месеци донесе мериторна одлука со која го укина тој закон. Колку проблеми настанаа во примената за период од 4 месеци настанаа огромни примени и да не кажам хаос во правниот систем. Затоа, кога веќе имаме неуставни одредби треба на време да се делува и да се решава на време. Првиот филтер колега Гештаковски е токму Законодавно-правната комисија, нашата цел кога работиме е токму да ги гледаме уставните одредби. Тоа е едното прашање кое би сакал, а можеби и второто.

Сега би се надоврзал на третото прашање. Овде слушнавме многу конотации на ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија која благодарение на овој закон стекнала приходи од имот, беа објаснети вака или онака, јас сакам да кажам само една работа, зборувам како правник, ВМРО-ДПМНЕ не направи ништо незаконски. ВМРО-ДПМНЕ само го применил Законот, поточно го применил тој член или таа одредба господине Гештаковски во времето кога е носен законот влегла во составот на законот. Спрема тоа ништо не направил незаконски.

Друго е прашањето дали треба да биде и дали е логички нормално во оваа наша демократија. Јас лично сум заложник на вашата идеја дека политичките партии не треба да создаваат приход од имот, но дали со една интервенција во вашиот стил тоа може да се реши така банално или треба навистина да се седне и дискутира и да се

донесе еден сериозен закон кој нема да го реши само прашањето на приходите од имотот туку и нешто пошироко.

Значи, суштината е во тоа ВМРО-ДПМНЕ па и други политички партии, сега не би сакал да именувам, но спомнато е ВМРО-ДПМНЕ не направил ништо незаконски, фактички го применил законот, е сега се поставува логичното прашање. Ако 1996 година е донесен законот се поставува прашањето дали била целта да се примени таа одредба и во она време кога е донесен затоа што логично кога се носи закон одредбите се носат да важат во тој момент. Се поставува прашањето зошто СДСМ не го применил, дали ВМРО-ДПМНЕ имале повеќе смелост, повеќе храброст или вие бевте поплашливи. Ако била глупост колешке зошто сте го ставиле во закон, не требало да има таква одредба и чиста работа, но вие можеби не сте биле тогаш, се извинувам. Тоа е прашањето кое навистина се наметнува. Вашата идеја односно вашата иницијатива за закон денеска господине Гештаковски можам да ја сфатам само од еден ваков аспект или жалите за минатите времиња или жалите за неостварените времиња. Во секој случај по мене ќе кажам и последно сметам дека Законот е беспредметен, не треба да го поддржиме со самиот факт што Уставниот суд откако ја донесе оваа одлука фактички во правните дејствија веќе немаме никакви проблеми од тој аспект и спрема тоа нема потреба од интервенција. Дајте заеднички да размислиме, да седнеме и во оној контекст што зборуваше господинот Зибери да седнеме и навистина да ги разгледаме сите оние прашања на кој тој се осврна што не би сакал да ги повторувам и да изградиме еден закон во кој навистина не би смеело да дозволи вакви или слични девијантни појави. Тоа е суштината, а овде сето би ни звучело како некаков маркетинг, го носевме законот но не видовме, па затоа сега ќе го исправиме по 6-7 години.

Благодарам.

**ТОМИОСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Гештаковски.Деловнички.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, би сакал само една исправка за пратениците и сигурно за јавноста. Колегата Караџоски кажа дека по донесување на Одлуката на Уставниот суд што е нон сенс ние сме го дале законот. Врз основа на печатот и приемот во Собранието законот е поднесен во Собранието на 11 јануари 2001 година, а одлуката на Уставниот суд во Собранието е примена на 7 март 2001 година односно Уставниот суд одлучил на 28 февруари. Значи постои два месеци разлика од поднесување на Законот до донесување на одлуката на Уставниот суд и не држи логиката тоа би било нон сенс и ние по донесување на одлуката да предлагаме закон. Инаку во другиот дел за одлуките на Уставниот суд не би се впуштал да ги коментирам и да ги објаснувам.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници денеска дискутираме за една тема која што веќе две-три години е исто така многу актуелна тема и во рамките на Европската Унија, а како последица на таа актуелност во рамките на Европската Унија дискусијата се префрли и во рамките на Советот на Европа и за некои работи кои што таму се донесени, јас би сакал овде да спомнам, да продискутирам и да ја видиме логиката на вакво донесуваше на закон, или пак логиката на некое следно донесува на закон за регулација на односите во оваа сфера. Имено, Европската Унија пред неколку години има формирано така наречена венецијанска комисија која што за поголем број на прашања е задолжена, меѓутоа, едно од прашањата за да бидат разгледани и да се предложи и да се воведе една генерална политика во рамките на членките на Европската Унија е прашањето на финансирањето на политичките партии. Документот што го имаат изготвено во оваа комисија послужи како основа во рамките на Советот на Европа да се формира исто така Комисија која што ќе се обиде да донесе некој предлог, бидејќи во Советот на Европа како што знаете има 43 земји членки. Минатата недела постојаниот комитет, значи на Советот на Европа на своето заседание во Истанбул практично и го донесе и го усвои документот за финансирањето на политичките партии. Морам да кажам дека притоа за да се изготви еден таков документ беше побарано мислење од врвни политиколог и врвни стручњаци и научници кои што работат во сферата на проблематиката од финансирањето на политичките партии, меѓутоа општо и од корупцијата и од другите девијантни појави. И притоа, покрај овој документ од Венецијанската комисија беше користен и документ од Максплант институтот од Германија во кој што двајца

врвни политиколози имаат доставено дополнителен материјал од кој што можат да се заклучат некои податоци. Значи во врска со ова веднаш сакам да кажам една работа која што некако, еве дури и господинот Зибери денеска во дискусијата ја спомна, ама континуирано може би неколку месеци се спомнува во Република Македонија едноставно не е точна. Значи, некој кажа, во Република Македонија дека, па ова го нема никаде во Европа, ниту една држава во Европа не дозволува партиите да имаат претпријатија. Тоа некаде беше кажано во медиумите и потоа од тоа кажано повторно еден, двајца, тројца, петорица го повторија и значи сите мислиме ние овде и македонската јавност мисли дека, да,изгледа стварно. Во Европа ниту една држава не дозволува формирање на претпријатие од страна на политичките партии. Таа работа не е точна, тотално не е точна. Во овој документ што е добиен од Максплант институтот има наведено примери. Многу карактеристични се примерите со скандинавските земји. Имено, таму се кажува дека во тие земји со развиена социјалдемократија политичките партии предничат од сите други места во Европа во тоа што се сопственици на фирми, претпријатија кои што се основани од политичките партии. Сега, овде господинот Караџоски на некој начин се праша зошто во 1996 година беше социјалдемократскиот сојуз на власт во Република Македонија донесе закон за политичките партии во кој што постои одредба во Законот каде што може да формираат. Јас не знам зошто, меѓутоа, претпоставувам дека можеби сте го контактирале некој од законите на тие скандинавски земји, затоа што таму постои таква одредба. Едноставно вие како СДСМ ако во земјите со најразвиена социјалдемократија такво нешто постоело може би сте го земале тој член нивни и сте го пренеле во нашиот закон. Не знам која е причината, меѓутоа факт е дека не е точно дека не постојат други земји во Европа каде што ова не е дозволено.

Понатаму, во документот што беше основа за дебата во Советот на Европа има наведено и други примери. Генерално центар левите сили значи централно левите партии на Европско тло повеќе формираат фирми отколку центар десните. Тоа е разлика може би во Македонија. Во Македонија една центар десна партија се осмели да формира фирми како ВМРО ДПМНЕ, меѓутоа, во Европа и наведени се примери. Најкарактеристичен и најфлагрантен пример е примерот со француската комунистичка партија. Се вели во документот дека над 300 фирми има. Еве, деновиве ако следите Фенејшл тајмс, или некои други весници ќе забележите дека конечно значи имаше еден напис во кој што се вели дури и таа партија, Француската комунистичка партија конечно решила својот весник да го приватизира во смисла да го даде на берза за да влезе и некој друг капитал, да го напушти оној принцип што на времето можеби 50 години го имала и во тие фирми кои што ги формирала да дозволи приватен капитал. Значи, зборот ми е дека не е точно, тоа може би беше кажано и после повторувано, ама не е точно дека во Европа не е дозволено тоа. Меѓутоа, токму затоа што е дозволено во Европа самите политички партии и општо општествата забележале дека се јавуваат девијантни појави при сопственоста на такви компании. И заради тоа веќе велам 3, 4 години се дебатира како да се регулираат тие односи. И венецијанската комисија и најновиот документ од Советот на Европа за финансирањето на политичките партии има донесено поголем број на одреди во кои што се истакнува која е онаа сфера во која што може политичките партии да имаат, а тоа е во сферата на презентација на сопствените програми од типот на весници, од типот на, не знам сега помодерно е веб сајтови на интернет, комерцијални итн. Значи, во тој дел во изразувањето на својата политичка програма и поврзани со тоа делови може политичките партии. Значи, тоа е документ и тој документ вака, или така ќе дојде еден ден и во Република Македонија, ако сме ние членка на Советот на Европа, ако тој документ се верификува ќе дојде еден ден да го верификуваме и кај нас. Тогаш ќе дојде во прашање комплетно и овој закон вака предложен, овој Предлог на закон ако биде усвоен значи како закон, а општо и одлуката на Уставниот суд- Едноставно некои од работите ќе треба да бидат наши компатибилни со тие одредби што се усвоени во Европа. Би сакал да кажам уште еден карактеристичен пример баш во тој документ е ставен за во Австрија. Во Австрија, политичките партии во оној дел што се граничи со Словенија, таа област го злоупотребило многу законот во таа смисла што имале претпријатија, фирми кои што се бават со производство на хартија. И знаете дека има шуми, во Австрија се произведува хартија итн., меѓутоа во моментите кога некоја од тие локални партии била на власт во тој дел од Австрија ја искористила својата положба и купувањето на хартија ја насочува само од некој производител на хартија кој што го имал тоа претпријатие

итн. Значи, девијантните појави навистина постојат и се обидува Европа да ги реши.

Уште една работа би сакал да кажам во врска со обидите да се спречат тие девијантни појави. Покрај тоа што се ограничува кругот на дејности и се поврзува тесно со политичката програма, или презентацијата на политичката програма, друга работа која што исто така се наметнува како предлог во документите на оваа венецијанска комисија е доколку некоја политичка партија формира било какво претпријатие тогаш се бара транспарентност на секој три месеци и тоа од Комисија што е формирана во парламентот ама од други партии, а не од членови на онаа партија што го формирала тоа претпријатие. Значи, максимална транспарентност. Европа го има истиот тој проблем, еве и ние. Може би е добро што се отвори вака да продискутираме. Меѓутоа, ќе дојде ли еден ден нашите закони да бидат компатибилни со Европските и тогаш ќе речеме, добро, не е баш дека не можат сосема, туку во оваа и во оваа област да формираат.

И на крајот евентуално до предлагачите. Инаку јас ќе бидам воздржан по однос на овој закон. Меѓутоа, до предлагачите би сакал да истакнам една дилема, а тоа е, во Законот велите значи да гласи вака: "Политичката партија не може да објавува профитабилна дејност ниту за таа цел да формира претпријатие". Дали тука синтаксички, или не, а што за некоја друга цел, може ли да формира? Мене комплетно не ми е јасен така како што е поставен членот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, Владата не е овде и немам потреба да кажам. Мислев дека колегата пратеник Данило Глигоровски од партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г-дин Чифлиганец се јавивте за процедурална работа.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Деловничка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Деловничка, нема тоа, значи процедура. Ако имате ќе кажете што не чини во работата, а не кој што кажал. Ќе си одите веднаш од говорница ако така продолжите.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Бидејќи потпретседателот е многу нервозен, а знае што ќе кажам, наместо да биде процедурално, деловничка, си земам за право да се пријавам за дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОСКИ:**

Можете слободно, тоа нема да ви го скратам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Барам реплика, бидејќи бев спомнат на неколку пати од страна на пратеникот Глигоровски. Само едно дообјаснување. Тој во своето искажување конечно призна дека и во тие земји како што е примерот на Франци; Австрија итн. е дозволено формираше на претпријатија, меѓутоа какви претпријатија? Тој самиот рече, да си основа весник, и низ таа дејност

има и деформации како што беше случајот со Австрија и за тоа има

мерки за спречување на таквите деформации• Но, нема примери да се формираат трговски друштва. Намерата на предлагачот е токму тоа да го спречиме. Весникот е по статут на политички партии во многу земји орган на партијата како што е Конгресот, како што е Претседателот, низ весникот како орган на партијата, Партијата ја врши својата функција во пропагандни цели, наметнување на своите ставови, добивање поддршка, итн. и тоа е сосема разбирливо. Меѓутоа има голема разлика со нашиот случај. Тие весници се формираат од средства на партијата кои ги добива од Буџетот, кои се строго наменски и контролирани. И таков пример имате во многу земји што не е ист случај кај нас. Затоа да не ги мешаме овие работи и добро е што конечно се отвора оваа тема кај нас, па да ги видиме и тие упатства и препораки и од Советот на Европа. Еве, сега склучивме договор за стабилизација и асоцијација и со ЕУ и во тој контекст во целина да го решиме проблемот и да го прилагодиме нашиот систем со норми и стандарди на ЕУ, прифаќајќи ги и деловите и областите кои што ги спомнав јас, а кои не се тема, или предмет на оваа интервенција и воопшто на овој закон, а кои неминовно треба да ги регулираме и треба да ги поставиме на рамноправни основи сите политички субјекти визави имотот, средствата, кампањата, учеството на избори итн.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитуван г-дин потпретседател, почитувани колеги пратеници навистина не можам да се изначудам на оваа расправа по едно вака суптилно прашање како што е финансирањето на политичките партии од простата причина што расправата треба да ја водиме ако сме на ниво на еден демократски парламент од аспектот на

загрозеноста на демократските процеси и од аспектот на загрозеноста на правната држава во системот, тогаш кога Уставниот суд ќе донесе поништувајќи одлука. При поништувачката одлуки не другите органи, туку Владата е единствено должна да изврши реституција на сите правни последици од моментот кога е донесен законот. Јас се чудам на неподносливата леснотија на однесувањето на Владата во една ваква ситуација кога после поништувајќи одлука на Уставен суд Владата треба да ги вклучи сите алармни светла и што требаше да направи? Според мене две основни работи, под најитно да спроведе една не би рекол истрага, меѓутоа да навлезе во системот на финансирањето на политичките партии од 1996 год, до денес. Затоа што овие фирми  не се формираа затоа што на некого треба да му се овозможи некаков приход итн. туку овие се формираа да се овозможи финансирање на политичките партии. Сега во што е разликата помеѓу формирањето на една фирма за финансирање на политичка партија, или создавањето на погодности преку компензации, преку концесии и други работи на други фирми за да дадат некакви си донации на политичките партии и кој граѓанин ќе го убедите во оние грандиозни кампањи што од 1996 година наваму се спроведоа, дека тие пари се од членарина на членството. Според тоа, прво што требаше  Владата да направи да си ги пушти надлежните служби и да проверат од каде беа тие пари. Второ, врз основа на таа информација да ни предложи еден закон за финансирање на политичките партии. Ова се политички маркетинзи што денеска ги прави г-динот Гештаковски итн. Правата суштина е , бидејќи се работи за јавни пари, се работи за ракетирање на јавни пари, се работи за формирање на фирми кои што знаеме каде ќе завршат тие средства и се работи за нерамноправен третман на политичките субјекти во борбата за политичка власт што значи дека во суштина за одржување на демократските процеси во една држава. Па според тоа наместо ние сега да побараме од Владата една информација, целосна информација од 1996 година наваму да ни каже како се финансирале политичките партии и да ни предложи модел за објективно финансирање на политичките партии, ние овде се натпреваруваме, дали ВМРО-ДПМНЕ тоа го направил, па вие рековте од 1996 година што не сте го направиле итн. Јас немам впечаток дека ние овде имаме коалициона Влада широка, овде си постои повторно СДСМ во опозиција, ВМРО овде и си прават некои политички маркетинзи. Според тоа, јас барам по повод ова прашање да се подготви една информација од Владата во која што таксативно ќе биде наброен начинот на финансирање и начинот на финансирањето досегашно на политичките партии, на трошење на средствата, тоа се јавни средства итн. да се види ако имало членарина да се оддели членарината и тоа е добро и евентуално да се подготви еден нов систем на финансирање на политичките партии каде што ова ќе биде можеби вградено итн. Оттаму мислам дека сето ова што овде се правеше да се извади со некои аналогии во други земји итн. Ние имаме Устав на Република Македонија, ние не можеме да ги коментираме тие одлуки на Уставниот суд, или да бараме аналогии за досегашното однесување дека тоа било оправдано. Уставниот суд го рекол тоа и Уставниот суд мора да се почитува тоа што го рекол. Според тоа се зема како готова работа дека Уставниот суд е во право, а кога ќе ни се понуди законски интегрален текст како се финансираат политичките партии во другите земји, тогаш ќе ги користиме тие искуства, а не да најдеме оправдување  за досегашното финансирање. Ние тоа мораме да го почитуваме, но уште позначајно мораме да отвориме овде суштинска дебата.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (продолжение)

Во позадината на ова не лежи некој конкретен интерес. Тоа е несомнено, се гледа, како што се гледаше и до 1998 година, само на подруг начин, пософистициран начин, подзатскриен начин итн., меѓутоа, да видиме сега кои решенија за во иднина треба да ги поставиме за да не дојде до ова парцијално решение итн.

Кога веќе земав збор по ова прашање, значи, барам информација од Владата по ова прашање, да ни даде целосна информација од 1990 година наваму, да си ја пушти службата за јавни приходи и други да ги проверат сметките, тефтерите и друго па да види колку средства потрошиле до сега, да ги известиме граѓаните. Тоа е нивото на Собранието, независно на која политичка партија припаѓа, можеби има и во мојата политичка партија нешто такво. Нека види државен орган, нека поднесе информација овде и понатаму ние да се справиме со таа состојба, ама да имаме еден чесен однос кон граѓаните.

Исто така, мислам дека г. Гештаковски, мој колега по право, изрече еден вид на клевета во однос на ДА. Меѓутоа, ако има факти, би сакал да ги

слушнам дека и таа учествувала во формирањето на такви фирми и дека наводно била дел на коалиционата влада. Ќе ве молам, Владата не донела одлуки да се формираат тие фирми, па сега да ја делиме одговорноста сите во Владата. А ако сме веќе кај Владата, ова е коалициона Влада во која е СДСМ. Тогаш што не го покренат тоа прашање, имаат мандат да ги утврдат да речеме сите криминогени фактори од досегашното делување, или уште мислат дека се опозиција? Па зошто ја формиравме таа коалициона Влада, за да се справи и со криминалот, шверцот, корупцијата, покрај се друго.

Од тој аспект, мислам дека треба да се напушти свеста, а можеби се уште не се свесни дека се во позиција, да станат свесни дека се во една заедничка Влада, да ги впрегнат силите, да изнајдат решенија. Јас мислам дека нема што да се обвинуваме, сега кој што направил и како направил. Да се реституираат сите состојби како што биле во 1996 година, а не во 1998 година, туку од 1996 година да се поднесе една информација до Собранието во врска со сето ова и се разбира со предлог мерки, а јас мислам и со нов интегрален закон за финансирање на политичките партии. Според тоа, залудно би било сега да се обвинуваме вака или така, имаме пресуди ката, што би рекле ние правниците, пресудена работа, особено пресудена работа по која нема жалба. Дури не треба ни да ја коментираме самата одлука по повод нејзината суштина. Овде се прави тоа да се прилагоди на новиот закон, но би било многу посуштински и позначајно да прекинеме со една пракса и да донесеме едно интегрално законодавство со кое ќе ја регулираме оваа материја.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, почитуваниот професор на правниот факултет колегата Саво Климовски многу добро знае, тоа е законодавен дом, не е дебатен клуб. Дебатите од типот дека некој дебатира, клевети, во форма се да се искаже мислам не држат. Коалиционата Влада е краток период, со одредена цел и ќе го прави она што е предвидено во платформата.

Прво сакам да кажам дека не изреков никаква клевета за ДА, дали има фирми или нема фирми. Тоа е јасно, има регистрациони судови, зборува за коалиционата Влада. А во делот изнесувања и на овој Парламент и во јавноста ДА својата одговорност за двете години во власта треба да ги сноси машки и на своите плеќи, тука нема дилема. ВМРО-ДПМНЕ не оставаше нас, па ние сакавме ова, ние сакавме да направиме нешто, не држат тие тези. Имаме закон, да се надгради со амандмани, овој закон во процедура е три месеци и пратениците можеа да го надградат, а јас најмалку сакам политички маркетинг. Тоа е прашање кое ние претходно го покренавме и сакаме да го регулираме. Во меѓувреме дојде Одлуката на Уставниот суд и повторно се согласувам со ставот и го искажав тој став дека одлуките на судовите не се коментираат туку се спроведуваат, но не може да се избегне начинот на спроведувањето.

Подготвување информации во Парламентот, тоа е надлежност на другите органи. Со таков начин на работа Парламентот го доведуваме во оваа состојба, да бараме информација, па да формираме Анкетни комисии. Надлежните органи треба да го извршат својот дел.

Сакам да кажам дека делот на одговорноста за ова што беше изнесено од пратениците од ДА го носат за своите две години во кои беа на власт. Затоа реков, во Владата на коалицијата почнаа да се формираат вакви фирми, а во никој случај не реков дека ДА има свои фирми и го прифаќам тоа што го кажа координаторот на пратеничката група, односно го прифаќам и го примам дека тие немаат формирано фирма.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кога реков дека треба да се бара дебата по ова прашање, јас мислам дека за секоја изречена констатација од говорницата треба да имаме минимум чувство на одговорност дека таа треба да се поткрепи со факти а не со паушални политички оценки. За да нема паушални политички оценки, јас реков дека е потребно Владата да подготви информација и само на тој начин можеме да дојдеме до тоа. Ако бегаме од информација значи бегаме од сопствената одговорност.

Конечно, ние излеговме од власта, СДСМ влезе во власта. Сега имате и одговорност ова прашање да го расчистите. Ако мислите дека може на легален и легитимен начин ова прашање да се расчисти, а не овде да изигруваме некоја квази опозиција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Тито Петковски, но ќе направам една интервенција, бидејќи не можам да го следам мониторот. За збор се јавуваат и Ванчо Чифлиганец и Мерсел Билали.

Господинот Билали се јавувате повторно? (Да)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани колеги и колешки, искрено мислев дека овој предлог за изменување и дополнување на Законот од овие наши двајца колеги нема да предизвика толку полемика, независно што прашањето е мошне актуелно, и што има мошне негативни импликации во неговата примена, ако се толкува на начин како што се толкува овде беше изречено, недореченост на нешто, особено околу градењето на политиката, спроведувањето на политиката, функционирањето на правната држава, па ако сакате до корупцијата. Сето тоа се прашања кои директно произлегуваат од нешто што не е доволно прецизно или не е добро дефинирано во Законот. Јас ќе се согласам со колегата Караџоски дека навистина старото Собрание 1996 година го донесе овој закон, меѓутоа, вистинската вредност на една законска норма се гледа откако таа ќе заживее во практиката дали е добра или не е добра. Времето е најдобар судија за тоа дали нешто е добро или не. Ние имаме искуство, до Душе сега не функционира Собранието и малку подзаборавивме но имаме искуство да речеме два пати се менува Законот за приватизација на општествениот капитал по предлог на ист министер и иста Влада во рок од 6 месеци. Значи, се виде дека нешто не е добро, во практиката не функционира добро и затоа се пријде кон измена.

Мислам дека овој предлог на г. Билали и Гештаковски заслужува поддршка, ако ништо друго да биде во функција на остварување на одлуката на Уставниот суд, за да не се создадат вакви или слични последици од несоодветно толкување на законот. Овој закон практично решава еден вакуум, ако сакате празна празнина и од тој аспект, за да нема вакви импликации и потреба Уставниот суд дополнително да интервенира, овој закон ја покрива таа празнина. Впрочем, мислам дека им е јасно на пратениците дека одлуките на Уставниот суд претставуваат и извор на правото и преставуваат не само обврска во нивното спроведување, туку создаваат и предуслов за прецизно нормирање на некои одредби кои не се прецизно уредени.

Морам да ви кажам, бидејќи бев пратеник тогаш кога се донесуваше овој закон дека смислата на оваа одредба беше меѓу другото следнава: политичките партии природно располагаат и треба да располагаат со имот, меѓутоа, имот за функционирање на политичката партија, пред се да имаат зграда каде ќе обавуваат деловна дејност односно каде што ќе се собира и заседава политичката партија. Понатаму, треба да има опрема, телефони, автомобили, треба да има техника за да може да функционира како политичка партија. Дури, и тогаш кога се донесуваше овој закон имаше едно толкување што јас исто го прифаќам дека има логика, дури и можност да се формираат издавачки претпријатија, меѓутоа, за потребите за политичката партија, како литература и издавање весник од кој ќе може и да се стекнува еден вид профит. Но во никој случај смислата на одредбата не беше во тоа да се формираат трговски друштва или фирми кои ќе остваруваат профит, затоа што објективно тоа доведува злоупотреби, како што имавме случаи. Од 1996 до 2000 година и немаше проблеми во примената на тој член од Законот затоа што никој тоа не го злоупотребуваше. Меѓутоа, во последните две години имаме состојба кога една политичка партија нагласено купува имот, купува фирми, печатници, трговски претпријатија, итн. Тоа се толкува дека е вред и е во согласност со Законот, но еве сега Уставниот суд вели дека смислата на законот не е тоа и дека мораме едноставно да го почитуваме и во нашиот правен систем да проектираме одредба која нема да создава понатаму дилеми дали нешто е дозволено или не е дозволено. Дури, еве искрено мораме да разговараме како одговорни луѓе, бидејќи ги претставуваме граѓаните на Македонија. По некои преоценки, не знам дали се точни, ги прифаќам со огромна резерва, имотот на ВМРО-ДПМНЕ се цени некаде за оваа година и пол-две над 100 милиони марки ако се гледа според бројот на акциите кои се купени на берза. Тоа е номиналната вредност, но објективната вредност се цени многу повеќе ако се има предвид дисконтот со кој се купени акциите и се поставува објективно прашање: дали тоа е смислата на Законот за политички партии, каде што се уредува начинот на стекнување на имотот. Очигледно дека не е.

За да се спречат такви и слични импликации мислам дека е добро да се поддржи овој закон. Тој е интервентен и во целина не ги уредува сите прашања кои

произлегоа од нашата дискусија, но да се спречи нешто понатаму да не создава такви состојби е добро овој закон да го поддржиме.

Господинот Климовски изнесе теза околу тоа дека е потребно Владата за целиот овој период од 1996 година до денес да даде информација како се стекнувале со имот политичките партии. Меѓутоа тоа не е во контрадикција со овој закон. Обврската може да произлезе. Ние како Собрание можеме да донесеме заклучок, да ја замолиме Владата да ни даде преглед со каков имот располагаат политичките партии, дури и да се покрене постапка за оцена на установа, а ако има кривично дело, и кривична пријава итн.

Значи мојата молба е сепак овој закон да го поддржиме затоа што спречува создавање на такви состојби, а да си останеме при барањето од Владата за детални информации за тоа која политичка партија на кој начин го стекнала имотот.

Во оваа прилика би сакал само да укажам на тоа дека нам ни треба навистина едно сестрано продлабочено анализирање на состојбите на земјите со поголема парламентарна демократија. Дури и 1996 година кога го донесувавме овој закон ги имавме предвид искуствата од поразвиените земји. Дека според компаративното согледување на состојбите во најразвијните земји од ЕУ, скоро никаде нема, можеби се проектира како што кажа г. Глигоров во Европскиот Парламент или Парламентарното Собрание на Европскиот Совет дека се размислува да се унифицира така да кажам. Меѓутоа, едно е сигурно, денес финансирањето на политичките партии во земјите на ЕУ не смее да се дозволи на овој начин, освен парламентарното Собрание на Советот на Европа или Европскиот Парламент. Другиве национални Парламенти, изворот на пратеници и финансирање на политички партии се врши само од два извори, од јавниот сектор и од приватниот. Од јавниот сектор тоа е апсолутно јасно, тоа е субвенција на сите политички партии кои влегуваат во Парламентот и тоа според бројот на добиените мандати се делат државните пари и ништо повеќе. Различно е само дали еден пратеник има таа политичка партија или има 5 пратеници, мислам во земјите се различни решенијата. Главно во клучните земји од ЕУ се финансираат од државата и од Владата политички партии кои имаат над пет мандати во Собранието и тука се мери моќта и силината на политичките партии. Но кога станува збор од приватни фондови никаде нема и не сум видел земја - еве, СР Германија, па ако сакате и Австрија беше спомната, апсолутно не е дозволено политичките партии да стекнуваат имот врз основа на профит односно да формираат такви фирми. Издавачка дејност да, издавање на весници - да, и од буџетот на државата според бројот на освоените мандати и ништо повеќе. Од приватни извори може да има различни состојби, пред се од членарина, партиципираат луѓето кои од политичката партија извеле профит или се на функција, па егзистираат од тоа до кредит, донации, меѓутоа донации кои се сразмерни со објективната моќ на една политичка партија и на една индивидуа, до кредит за време на изборите политичката партија може да земе за да си го врати после изборите со целиот ризик како што секој зема во правниот промет кредит.

Според тоа, излегов само за да укажам на една потреба. Не треба овде никаква суетност меѓу нас, објективно сме во состојба како држава, нешто сме пропуштиле да го уредиме на соодветен начин или нејасно. Еве, двајца наши пратеници предлагаат закон за да се спречат негативни импликации и јас сакам исто така да предложам и да кажам дека би било добро да го поддржиме овој закон, а се што треба понатаму од Владата и надлежните министерства да бараме, да бараме информации кои ќе ни бидат во функција на нас како пратеници да превземаме соодветни иницијативи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници, иако не мислев да се јавам за збор по оваа материја, бидејќи за мене институциите во државата пред се судската власт не само што ги донесува и спроведува законите, туку само пред нив можеме да кажеме амин. Ако Уставниот суд кажа за една легална непринципиелна, незаконска рамка стоп, мислам ние како пратеници да импровизираме и предлагаме тоа не е вред, бидејќи таа судска власт ние ја предлагаме.

Затоа, со целосен респект ја поддржувам одлуката на Уставниот суд што не потпадна под влијание на стегите на механизмите на послугите на власт, без разлика која партија е на власт.

Потполно го поддржувам предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политички партии со Предлог на закон, предложен од

пратениците Гештаковски и Билали. Бев поттикнат да се јавам за збор од дискусијата на почитуваниот колега пратеник Данило Глигоровски, иако кога зборувавме за оваа проблематика сите се прашувавме каде се наоѓаме и во мојата потсвест беше колегата Данило Глигоровски како колега пратеник бидејќи тој е во директна улога и можам да кажам го почувствувал на своја кожа, можеби е најискусен бидејќи тој е еден од директорите на една исклучиво 100% партиска компанија, фирма итн. Ги цитираше колегите пратеници, нема никаде во Европа состојба политички партии да имаат сопствени фирми. Колегата Глигоровски рече дека тоа не е точно и јас можеби во дел ќе го поддржам тоа. Но јас го прашувам колегата Глигоровски каде има во Европа. Ние не сме се уште во Европа, само просторно, географски припаѓаме во Европа, ниту со свест ниту со однесувања. Јас зборувам на ова ниво овде што го имаме. Да сте вие пратеник колега Глигоровски во овој дом, директно партиципирате како партија на власт ВМРО-ДПМНЕ и партиципирате со вашето учество како ви одговара во работењето токму затоа што сте директно партија на власта. Го има тоа некаде во Европа, да ги донесува законите во интерес на компаниите, а пред се во интерес на партиите на власт. Од политички аспект, од аспект на морал, а да не кажам од аспект на право во Европа тоа го нема никаде. Вие сте директор како партиец на партиска фирма, "Магнолетка или како се вика во тоа не сакам да навлегувам, бизнисот е бизнис, но тоа во Европа го нема.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Член на повеќе партиски одбори, тоа сте вие. Дали тоа го има некаде во Европа? Да си член на Советот на Европа, дали тоа го има во Европа? Го нема. Вие сте универзитетски професор од политички аспект и од морален и челник на партија, дали тоа го има во Европа? Го нема. Само тоа го има во Македонија во последните две и пол години. Доколку го имало претходно, го имало во многу помала мера. Зошто, ако сме да се оплодува капиталот во Македонија, за мене дали е државен, или јавен, или приватен, дали е општествен, во тоа јас не навлегувам. Меѓутоа, зошто имаме неудвоен, стотен аршин, се што е државно, општествено, јавно не го штитиме, а се што е приватно, партиско, заштитуваме и го оплодуваме капиталот. Зошто сакаме да бидеме директни учесници, односно партиципиенти во власта и да влијаеме во механизмите што се на власт при донесувањето на одлуките, директно да се остварува профитот во овие фирми. Дали тоа го има некаде на Земјината топка, една, две, три и уште 5 или 10 послуги да се испреплетат, само да се работи исклучиво на партиската фирма за да се оплоди капиталот.

Во таа смисла не ја одобрувам вашата дискусија, како рамноправен член, пред оваа парламентарна говорница. Дали ние сме во власта, или не сме, тоа не смееме да го дозволиме како парламентарци овде, како членови на овој највисок законодавен дом. Најголемо зло и најопасна работа за македонската економија и националната економија, заправо е овој двоен, троен или стоти аршин. Ако е партиска фирма доаѓа предвид. Замислете, јас тоа го знам и со факти. Фактури се пишуваат на партиските фирми на ВМРО-ДПМНЕ во кругот на компаниите на државниот капитал и тогаш се предаваат. Човекот ја носи и во Министерството за финансии и се отчукува фактурата. Дали тоа го има во Европа? Тоа го нема ни во најпоследната држава по развиеност во Европа. Тоа господине Данило Глигоровски ќе го поткрепам со факти. Таков приод спрема капиталот на Република Македонија, не правам разлика дали е приватен или државен или така натаму, македонската економија, националната економија, македонската држава нема никаков прогрес. А од своја уста, еден млад перспективен лично од моја страна респектиран, што повеќе тоа да го интензивираме, наместо да го намалуваме, мислам дека не е убаво од оваа парламентарна говорница да го зборуваме. Тука нема граници дали е ВМРО-ДПМНЕ, дали е оваа или онаа партија. Мислам дека тоа треба само да се намалува коректно, како највисок законодавен дом, а не да бидеме катализатори за правење на овие работи.

Зошто не треба да има политички партии, односно зошто политичките партии не треба да имаат партиски фирми. Реков веќе дека Македонија не е Европа по стандардот. На крајот и свеста која ја имаме, како личности, како индивидуални и како политички групации не е иста како европската. За тоа треба време. Не велам дека ние сме заостанати, но мислам дека треба време. Кога ја имаме оваа демократија, кога ја имаме власта во раце, да почувствуваме што значи тоа, пред се одговорност, пред граѓаните, пред националните интереси. Во овој момент, ние тоа го немаме. Се злоупотребува остварувањето на профит на штета на

целокупната македонска економија. Еве на пример, направете десет анализи на партиските фирми на ВМРО-ДПМНЕ од каде е направен профитот. Јас не мислам да бидам инспектор, ниту барам да се формираат комисии, јас сум повеќе човек кој создавам, меѓутоа, тоа е должност на институциите на државата. Ќе видите од каде е прелеан капиталот. Сигурно капиталот не е направен во приватна европска фирма, туку е направен со некои други фирми, директно или индиректно, на пример: "јас ќе дадам па ти ќе ми дадеш" итн. Можеби ова не е конкретно за фирмата на чие чело ти се наоѓаше, меѓутоа, во најголем дел тоа е присутно во Република Македонија. Зошто кога се толку способни, не се нафативте да ги водите фирмите, каде што има најголем државен капитал во Република Македонија. Дали тоа беше ФЕНИ, дали тоа беше Југохром, дали тоа беше Бучим, дали беше Порцеланка, дали тоа беше Топилницата, да го зачуваме и заштитиме капиталот. Вие дозволивте компании што се градени со 300 или 400 милиони долари, да ги продадете за 3 милиони долари и големи потрошувачи на енергенти, пред се на електричната енергија. Ако сте вие такви креативни, сте го штителе капиталот, го оплодувате капиталот во оваа држава како универзитетски професори, стручњаци, научници, зошто тоа не го направивте. Вие господине Глигоровски, а вам ви е многу јасно, имам намера, малку да слегнете на пониско ниво. И оваа страна на СДСМ да ја респектирате. Вие не можете од вашата уста да зборувате дека најголемо зло во последните 10 години бил СДСМ за Македонија. Вие го наградивте господинот Крале Спанчевски со директорска функција, само за една реченица кажан во животот: "Да се затвори Бранко Црвенковски за аферата прислушување". По ден, два, недела, ти стана директор во минералните суровини, а ниту знаевте што е минерал, ниту знаевте што е руда, ниту знаевте што е профит.

Најодговорно, како универзитетски професор ова го зборувам, а ние сега зборуваме за ниво, за однесување, за џентлменство, за власт. И во иста фамилија да сме, такво однесување Европа не трпи. Вие сте член од овој парламент, од најголемата партија на власт, во Советот на Европа, односно во Европскиот парламент и треба да бидете пример, за тоа, како треба и како не треба. Јас сум веќе седум години пратеник и ни еднаш не сум отишол по линија на пратеник во Европа. Вие одите секој месец, а можеби и почесто и ајде да го научите овој електорат како се работи во Европа. Дали во Европа има рударот да го испратиш да биде земјоделец, просветниот работник да биде рудар, или да биде правник. Дали тоа го има во Европа? Тоа во Европа го нема. Дали застапниците на државниот капитал, односно општествениот ги споредувате со застапниците, директорите, основачите на партиските фирми на ВМРО-ДПМНЕ, ќе видите дали една партиска фирма е продадена со дисконт 5%, а не 95%. А државните фирми се продаваат со 95% дисконт. Видете каков е тој аршин. Не е тоа двоен, троен аршин, туку е 100 постотен аршин на однесување. Како државниот капитал да е за распродажба, а партискиот на ВМРО-ДПМНЕ треба да се чува. Дали тоа е и партиски, дали е тоа на тие 200, 300 илјади граѓани гласачи, тоа е во знак на прашање. За тоа ќе покаже времето. Ние не треба за тоа да зборуваме од оваа говорница. Тоа не е ниво на еден пратеник, сметам лично, од било која партија, да имаме двојно, тројно, стотно однесување пред оваа јавност. Зошто имате такво практицирање на власта? Јас бев од оние кои пред две години бев репресиран. Репресијата не е само физичка, не е само законска. Нешто што го имаш, да не можеш да створиш во сопствената држава, во сопствените компании. Дојде ваш партиски човек во рудникот Бучим и кажа: "Функцијата пратеник и генерален директор е неспоива". За тоа нема мака, еве господинот Михајло Георгиевски беше член на надзорниот орган, не дојде, не се согласуваше со таквиот став. Тројца луѓе се острела, а после, еве колеги директори на јавни претпријатија, на државни. По одредено време, не да не може пратеник да биде, туку уште шест до седум функции кои може да ги објавува волонтерски и професионално и да води партиска фирма.

Господа, "ова боли". Не лично, не индивидуално, не партиски, не политички, боли пред оваа македонска нација, пред овој македонски граѓанин. Затоа, треба да се извинете на побезболен начин партиските фирми да се угасат и се што сте направиле профит, земајќи од државните фирми, земајќи од разни контингенти и така натаму, да го вратите на директен или индиректен начин на овој напатен народ. Ние не сме ниту Германија, ниту сме Европа. Затоа барам партиските фирми не само со закон, туку од политички аспект, од човечки морал, ако поседуваме малку, од денес да не функционираат. Тоа е една демагогија, една магла, затоа што само прелевањето на

капиталот, осиромашување на народот према партиските и приватните фирми, а многу приватни фирми не се приватни, а тоа се исклучиво партиски фирми. Еве, да видиме, кој ги зема најповолните кредити со најниски камати, со грејс периоди итн. "Партиските војници". Тоа можеби било и порано, меѓутоа сега тоа што се работи и претходно што се работело не е така. Мене ми е жал кога земјата ни е распадната, кога е интензивно во фаза на распаѓање, ние да губиме време за ова. Зошто господине Данило Глигоровски, челник од партијата ВМРО-ДПМНЕ не се залагавте состојбите во "Македонка" да бидат приоритетно прашање. Зошто не се заложивте како партија на власт, да добиеме информација за состојбите во "Македонка", луѓето кои штрајкуваат, кои немаат леб фамилиите да си ги исхранат. Ние до ден денеска, како членови на овој Парламент, немаме информација за состојбите во "Македонка". Тоа беше тогаш на Владата на Република Македонија, а е ставена на дневен ред. Поголем дел од пратениците дури ни не забележале, зошто нема информација, а е ставена на дневен ред. Затоа што нас не не боли, не сме на нивното место, како "Македонска" или други компании кои пропаднаа. Зошто имаме таков морал, таков аршин, таков приод. Тоа боли и тоа многу боли. Ако мислиме дека народот ќе ни ја опрости историјата, само се залажуваме. Тоа е факт дека за "Македонка" нема доставено писмена информација за ставање на дневен ред. Поминаа 20 дена оттогаш, а секој ден луѓето со право не ги поттикнувам, не сакам демагошки да настапувам, луѓето бараат решение, затоа што со децении и живот за тој град Штип во источниот дел на Македонија. Ние денеска овде зборуваме, овој е виновен, оној е виновен, тоа го прави Европа. Ние не сме Европа. Ние треба да се приведуваме кон нашата индивидуална, групна партиска свест кон Европа. Затоа, комплетно предлогот од страна на колегата Гештаковски и колегата Биљали го поддржувам, без разлика дали Уставниот суд го поништил или не го поништил, токму за тоа ни дава за право овде повеќе принципиелно, со аргументи, енергично да се спротивставиме на овие слабости што до сега биле присутни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

За збор се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Би сакал да му реплицирам на господинот Чифлиганец. Имено, господинот Чифлиганец дискусијата ја спушти на такво ниско ниво, што лично не нападнавте како најголем злосторник во Република Македонија, со поголем број на инсинуации, од типот на: пишување на фактури. Едноставно, целиот пакет на вашето размислување беше дека работата што ја добавувам е нечесна и затоа чувствувам потреба да реплицирам.

Прва работа која што не држи логично, е тоа што кажавте прво дека ние не сме Европа, дека ние сме Македонија и така натаму, меѓутоа, во неколку реченици кажавте: "Ако одиш веќе во Советот на Европа, тогаш треба да пренесеш што има таму." Сега треба тоа да го дефинирате. Дали треба да кажам што има во Европа, или не треба да кажам што има во Европа, затоа што ние не сме Европа. Едноставно, тука провејува посебно вашиот популизам и како ви одговара кажувате. Еднаш кажувате едно, а друг пат ја негирате Европа итн. Мојата дискусија беше токму тоа, да пренесам што се работи и како е решено, или како се работи за да се реши проблемот со финансирањето на политичките партии во Европа. Вака или така, ние утре, или по 10 години, ќе мора да пристапиме кон таа Европа. Така што, јас пред малку тоа го кажав, е тоа што вие во некоја од речениците после сами на себе си контрирате и кажавте ако одите таму, кажете што има таму. Јас токму тоа го кажав.

Инаку, што се однесува до дилемите, како тоа јас да сум пратеник и во исто време и да сум професор и член на Европа и директор на партиска фирма, можам да ви кажам дека мене ми мирува местото професор на Природно-математички факултет, а тоа што држам часови е само молба на моите колеги професори, бидејќи голем број на кадри од областа на информатиката се заминуваат од Република Македонија. Јас и тие колеги што останавме таму, сме останале поради проблемите, бидејќи морале да се покријат часовите. Јас ги држам часовите, меѓутоа не сум вработен на Природно-математички факултет. Потоа, директор на фирма што не во општествен капитал. Сега веќе не е ни во партиски капитал. Точно, ја водам таа фирма, меѓутоа, повторно и тука има некоја контрадикторност. Вие кажавте дека би било мака, јас исто така се чувствувам и мислам дека згрешивме зошто вие како стручњак, како голем стручњак не

останавте на чело на "Бучим". Вие самите рековте дека ви било мака, затоа што комплетното знаење што сте го имале, не сте го вградиле понатаму затоа што некој ве спречил. За тоа, искрено сочувствувам. Меѓутоа, мојата партија сметаше дека јас имам капацитет на знаење и тоа знаење можам да го искористам во една фирма што се занимава со компјутери, со интернет итн. Спомнавте за разни контингенти не знам што друго. Повторно фактури, и кажавте нешто во врска со комисија. Јас најотворено ве поканувам. Утре во 8,00 часот ќе бидам во просториите има фирмата дојдете и ќе видите комплетно со кои фирми сме соработувале во Република Македонија. Сите тие фирми од вашето кажување излегува дека не знам што сум им направил. Едноставно, мислам дека многу го спуштивме нивото на дискусијата од типот на ваш популизам или социјал реализам, затоа што ја спомнавте "Македонка" итн.. Ако сакате можеме да дискутираме и за тоа, меѓутоа, во друга прилика. Работниците од "Македонка" штрајкуваат затоа што од којзнае која година 1995-1996, не им биле праќани придонеси. Факт е дека не оваа Влада, туку претходната се обидуваше да го реши овој проблем. Меѓутоа, не го реши. Тие проблеми биле и од порано, а оваа Влада се обидува. Не успеала, не успеала. Значи, има место за критика. Меѓутоа, едноставно популизмот кој го внесувате некој да го обвините, или да го ставите на оптуженичка клупа, едноставно е стил кој не одликува на пратеник во овој Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине Глигоровски,

За жал не сте ја сфатиле мојата дискусија. Мојата дискусија беше лично и персонално моја, ниту спрема вас, туку вашиот приод на гледање. Не може во практиката друг однос, а да имате друг однос на предавање. Јас имам лично на вас забелешка, па и забелешка на политичката групација на ВМРО-ДПМНЕ, каде што припаѓаше, тие треба така и да ти сугерираат, бидејќи не може двојно или тројно да се однесуваме.

Што се однесува за популизмот, јас што го воведувам, јас сакав лично со вас да се натпреварувам во менаџерството, во менаџментот, па ако сте спремни, можеме да одиме и на фронт, бидејќи ние сме должни оваа Република да ја браниме и така натаму, меѓутоа, не можам да сфатам дека вие имате таков капацитет 5-6 функции да добавувате, а сте партиципиенти во власта 2,5 години, денеска да имаме на дневен ред за "Македонија" и за некои други компании за тоа да не сте заинтересирани. Тоа не може. Извинете, тоа не е популизам, тоа е само заинтересираност за останатите граѓани кои бараат минимална животна егзистенција.

За неплатените придонеси, јас многу пати се нудам како човек од таа бранша, има решение. Некогаш и да се почне од нула, да се придонесе, тоа е корисно.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Лично јас , реков, имам респект спрема Вас. Но, денешната дискусија, што Ви овозможи претходниот систем на РМ , да сте самостојни, да бидете Вие менаџер, да учествувате во Европа. Јас не Ви реков Вие не сакате во Европа. Кој Ви го рече тоа. Јас Ви реков Вие европски да се однесувате во РМ, не да се однесувате кога треба нешто да се пригради за сопствената фирма во ред, а останатите граѓани... Ви овозможи овој претходен систем 50,55 години, не велам за осамостојувањето , а велите најголемо зло е претходното. Мислам дека тоа не е во ред. Затоа мојата забелешка не ја сметајте како лична. Како Вие тоа ќе го сфатите, тоа е Ваш проблем. Вие знаете јас со Вас секогаш сум комуницирал и добро се разбираме, но ова е стратешки проблем за РМ да се сочува капиталот. Затоа како колега пратеник барам од Вас, како што мислите за партиските фирми и за сопствената фирма, мислете и за фирмите кои се во неповолна состојба, што се во стечај, што се во распаѓање и што се распродава државниот капитал со 95%, а ние сме способни менаџери, поаѓајќи од сите Вас овде, нешто од тоа да спасиме. Тоа беше мојот збор и ме поттикна на тоа вашето арогантно однесување пред оваа говорница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално се јавува г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дин потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека со овие дискусии излегуваме од точката што ни е на дневен ред. Меѓутоа, добро е загатната темата стопанство. Токму затоа предлагам на темата стопанство г-динот министер за стопанство под итно да даде информација за состојбите во стопанството на РМ.

Тогаш можеме да проговориме многу што, што се случува во стопанството и што се случувало во стопанството.

Предлагам сега да продолжиме со работа по дневниот ред односно разгледување на конкретната точка што ни е на дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Чедо Петров. Оваа интервенција да се искористи за оние што дискутираат да останат во рамките на Предлог законот .

За ова дали треба, или не треба, нека секој цени.

Меѓутоа сакам минимум воздржаност. Сакам минимум почитување на времето на легитимитетот.

Процедурално се јавува г-динот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател,

Голем дел од дискусијата што сакав да ја кажам, токму вие го кажавте тоа.

Во оваа прилика сакам да истакнам едно мое размислување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам немојте со размислување. Се јавивте процедурално и повелете.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Нека опрости професорот Чифлиганец, меѓутоа, навистина овде многу неоправдано се нафрли врз господинот Глигоровски. Неоправдано од многу причини. Една од причините е што тој кажа дека г-динот Глигоровски делува во шест работни места и т.н. Не е точно.

Тој ако делува делуваа во неговата област. Тој е универзитетски професор, а знае г-динот Чифлиганец таа дисциплина што ја предава на факултетот , не ја и ја врши. Во таа смисла ми се чини не коректно се однесе г-динот Чифлиганец. Колегата Данило многу коректно се донесуваше. Не треба ние сега да расчистуваме работи кој барем јас не можам да ги сфатам. Од тие причини создаде еден револт кон еден пратеник кој тоа не го заслужува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Ќе сметам дека тоа е ваша реплика.

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Бидејќи се јавувам по втор пат ќе кажам нешто кратко.

Не дека имам нешто ново да кажам, бидејќи се што мислев го кажав. Меѓутоа по некои искажувања овде од страна на некои пратеници, мислам дека ние како предлагачи треба да објасниме.

Според некои анализи за кои јас сум убеден дека би требало да бидат поблиску до реалноста. Некаде околу стотини милиони ДМ се пари кои на некој начин беа прелевани во приватни џебови, почнувајќи од "ОКТА" "АЛМАКО"-банка , "ТЕЛЕКОМ", "БУЧИМ", па аферата шеќер, Трговски центар, "ТРУДБЕНИК", "ФЕНИ" и ред други. Значи што беше целта на предлагачот.

Целта не е некој посебен интерес, маркетиншки причини или не знам што. Имено наспроти реалноста што како партии кои веќе учествуваме во власта и што според секоја логика требаше да го повлечеме законот од причина што и нашите партии ќе стекнат имот како што направиле и другите партии досега. Меѓутоа, ние не поаѓаме од таков интерес, значи од партиски интерес, а по најмалку личен интерес, туку поаѓаме од некои принципиелни причини. Тоа што веќе расправаме со часови е дел од позитивното право, со самиот факт што Уставниот суд веќе има Одлука за поништување на одредбата која предвидува дека политичките партии се финансираат од сопствен динар. Значи ние кога веќе предлагаме форсирање , зајакнување на таа одлука на Уставниот суд, или допрецизирање на Законот за политички партии во тој сектор.

Нашиот предлог беше поднесен пред Уставниот суд да ја донесе одлуката. Затоа ние сега практично инсистираме само на првиот член од нашиот предлог, а не на вториот член, затоа што практично одлуката односно одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни, не може да се коментираат и ние тука не би требало да ги расправаме тие одлуки, од причина што тоа е дел од позитивното право а тоа произлегува од Уставот на државата.

Во секоја правна држава, после Одлуката на Уставниот суд веројатно ќе има конкретни активности од страна на власта, органите на управата, па и правосудните органи, се со цел да сервисираат, било да се во прашање договори за приватизација, или други договори за купопродажба на претпријатијата и т.н. Меѓутоа, тоа го нема, без оглед што Одлуката е донесена уште пред три месеци.

Тие што се против законов, јас искрено не можам да се убедам дека има јасни аргументи зошто се оспорува донесувањето на овој закон . И некој аргументи што тука беа искажани , јас сметам како борба со сопствената сенка и ништо повеќе, од причина што не се никакви аргументи и со овој закон. Мислам

дека ние практично одиме чекор кон тоа да елиминираме една многу лоша појава, а таа појава е нарушуваше на слободниот пазар, нарушување на рамноправната конкуренција и монополот кој постои во нашите економски односи. Имено тука се поставува едно логично прашање. Во една состојба ќе се најде партиско претпријатие, на партијата која учествува на власт и друго претпријатие кое нема никакви врски. Тука се поставува прашањето како ќе поминуваат во такви конкурентни односи и кои привилегии може да ги добие претпријатието на партијата која учествува во власта во однос на извозот, увозот, во однос на контингентите, во однос на квотите, на царината , во однос на преземање на работите што се преземаат по однос на инфраструктури објекти и други објекти. Значи ние тука имаме тотална дискриминација на економските субјекти, што е важен столб на секоја демократска држава.

Сакам да кажам нешто што мислам дека можеби е претерано, но чувствувам потреба да го кажам.

Ако ние не вршиме избалансирани избори и во сегментот на финансиите. Ако имаме и понатаму криминални избори, како дериват од тоа ќе имаме криминални односи, ќе имаме криминална власт и ќе имаме и вакви состојби кој ги имаме. Дури и да ги немаме вакви, ќе имавме веројатно револуција, од причина што економскиот и социјалниот сегмент го правеше своето.

Тие што се повикуваат на Европа, мислам дека Европа е далеку од нас, во сегментот главна конкуренција, рамноправна конкуренција, слободна конкуренција и таму можноста за монопол од страна на државата е сведено на нула. Затоа предлагам да се поддржи предлогот.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа,

Овој закон , без исклучок нуди интерес. Меѓутоа, на површина изнесува некои други прашања за кој сакам да проговорам.

Во најмала рака е несериозно двајца пратеници по клуч, еден Македонец, еден Албанец, да ги поднесат измените и дополнувањата за политичките партии. Тоа го сметам за многу несериозно, бидејќи и овој пат покажавме и докажавме, иако направивме коалиција, проширена коалиција за спас на политичките состојби во РМ, мислам околу консензуалните прашања повторно се разидуваме. Ова прашање, финансирањето на партиите е клучно прашање, исто како и другите, за кои не сакам сега да зборувам. Не може атхок, на брзина се состанале двајца пратеници, не знам колку се способни да ја направат оваа материја, да го изменат и дополнат овој Закон и да му предложат на Собранието на РМ, со еден член ништожен, да направиме драстични измени на овој Закон и да ја подобриме состојбата за финансирање на политичките партии. Само со еден член. Тоа е консензуално прашање за кое сите политички партии, да неречам и извршната власт, треба да седнат подолгорочно, темелно, аналитички да апсолвираат нешто што надвор веќе е практицирано од оваа област. Откако ќе се договориме за тоа, тоа треба да оди на Собрание на РМ. Зошто ова го велам? Го велам затоа што  кога во 1990 година се раѓаше повеќепартискиот систем во државата ние имавме нерамноправна борба на политичките партии, на политичките субјекти во Македонија. Ние имавме еден аполитичка партија која 50 години создаваше капитал и легна на тој капитал. Во првите избори нивните плакати, нивните пари можеа да се почувствуваат насекаде Ние како политички партии немавме ни сврталиште, ни телефон, ниту плакати за нашите пратеници и т.н. Сега, откако си ги средија сите работи, откако отседнаа повторно во истите клупи, во комитетите во Битола, во Прилеп и т.н., сега ни држат лекција како тоа било недемократски, не било транспарентно, па биле црни фондови. Јас само ќе Ви кажам еден пример за утеха и надеж, г-дин Гештаковски. Јас бев член на Сојузот на комунистите во Битола и во Комитетот партиципирав. На едно од тие многубројни дежурства кога дежуравме, дежурав и јас, како што и ти си дежурал. И за жал, кога дежурав дојде една жена, плачеше, солзи ронеше затоа што не само куќата што и ја одземале комунистите туку и еден убав резбар часовник, покажа со прстот над мене каде што седев дека и е одземен.

Сакам да кажам, ако бевте Вие толку правични, два мандати, навистина таа денационализација требаше да ја спроведете до крај, транспарентно, праведно, да се вратеше на тие луѓе се како што треба, да почневме како политички партии на самиот стар рамноправно. Ние не почнавме рамноправно. Со ова не сакам да кажам дека ние како политичка партија сега имаме полно право да го правиме истото што Вие го правевте. Но Вие носевте закони и мислевте подолго време, некој рече сто

години. И кај нас еден се избрза и рече сто години, ама изгледа не оди тоа со сто години. Изгледа во повеќе партизмот многу кратко ќе владееме, ако немаме ум и разум. Сакам да кажам дека тие работи во РМ треба да ги работиме со голем осет, треба да ги работиме со долгорочна стратегија и развој на демократскиот и политичкиот систем на државата.

Г-дин Саво Климовски, јас знам дека Уставниот суд,неговите одлуки се конечни и извршни. Знам дека не се коментираат. Но, јас да го прашам г-динот Гештаковски зошто не ја коментираше Одлуката на Уставниот суд за плаќањето на ТВ претплата на граѓаните во РМ, кога Уставниот суд имаше донесено таква одлука. Каде бевте Вие тогаш да кажете дека треба нешто да се превземе и како Влада. Еве, имаше тука позитивни примери. Значи, Вие имате двоен аршин и двоен морал. Јас сакам еднаш да се исчистиме од тоа нешто во ова Собрание. Ако држиме до една линија, како мажи, до крај треба да држиме до таа работа. Ако ние во прашање оваа држава, ако ни е во прашање економскиот систем, ако ни е во прашање политичкиот систем, ако ни е во прашаше таа демократија за која сите устите ги наполневме, која е измислена , за жал, од запат и која не постои, ни таму ни овде, за да владеат одредени олигархии . Сепак ние треба да имаме минимум усогласување за вакви клучни прашања во државата, што се вика консензус или договор, на македонски. Договор. Да се договориме, и криво и слепо. Ако го донесеме сите ќе го практицираме, бидејќи сите заеднички, во најголем дел сме го усогласиле тоа. Вака со еден член и ни кажува некој од овие пратеници овде, големи полиглоти и јаки правници, црни фондови. Ако нема црни фондови како може овие политички партии да ја делат и Република Македонија, да ги поткупат сите овие што доаѓаат во Република Македонија. Како? Еве немаат фирми направено.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Не се транспарентни, немаат фирми, а добиваат контингенти. Контингенти за шеќер, за цигари во составот на Бранко Црвенковски. Сакам да кажам ако имате добра намера да правите некои работи и заедно да правиме, дајте да седнеме да се договориме за сите овие прашања што треба со консензус да ги решаваме. Инаку, вака парцијално и паушално, вчера беше "Јафа-Промет" на Јака во Ресен, денес е можеби во Битола некоја фирма, да не кажам која или во Битола по партиски клуч. Дали злото ќе биде преку фирма на политичката партија, дали ќе биде преку фирмата на Гештаковски или на Ѓорѓи Котевски, злото се прави во државата. Ние треба тоа да го исчистиме, да наоѓаме механизми. Меѓутоа, јас гледам дека во оваа држава нема спремност да се чистат тие работи. Ние постојано влегуваме во еден матен круг и се вртиме во истиот круг. Седна едниот, седна другиот, седна третиот, работите стојат, народот трпи и ние сега повторно продаваме овде бомбончиња, лижавчиња продаваме. Сега со овој амандман Гештаковски направи крупен чекор напред го реши проблемот со финансирањето на политичките партии во Република Македонија и тоа по клуч двајца, еден Македонец и еден Албанец и готово задоволена е работата. Така, ако шаблонски ги тераме работите нема аир од нас. Јас и порано зборував и сега ќе зборувам, дајте од ова гнасно зло да се исчистиме. Ако не да завршиме како ќе завршиме како состав белки некои попаметни луѓе овде ќе седнат и можеби ова Собрание ќе зрачи како да ви кажам, не како законодавен дом, туку ќе зрачи со својата енергија за обединување на граѓаните на Република Македонија, а не само со деструкција и само со потфрлување на одредени негативни работи.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Стојан Попов.

Извинете, попрво се јави господинот Гештаковски.

Повелете господине Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Би сакал да истакнам дека опасноста на овој парламент е и пра-теник да предлага закон со свои намери и со свои видувања, особено во претходната коалиција, а и сега во оваа коалиција. Би сакал да кажам дека овој закон беше и во претходната коалиција и сега во оваа коалиција. Се согласувам, бидејќи би требало секој дел во овој дел на оваа Влада на политичко единство, кој што Владата ги врати сите законски проекти, можеби требаше и овие што се пратениците да се согласат бидејќи имавме однос позиција-опозиција. Пратеникот Ѓорѓи Котевски како јас и Биљали, дури Македонец и Албанец, закон знаете вие било пракса во овој десетгодишен период никој да не прави разлика, овластен предлагач е дали е Македонец, дали е Албанец. Немојте од оваа говорница да ставаме бензин и огнот да го разгоруваме. Да разгоруваме одредени односи што господинот Котевски зборува за национализација, денационализација, ниту сме земале, ниту можеби и тој земал, но на

погрешна адреса сакам да му кажам, што тој две години е на власт малку првпат во овој Парламент ќе кажам и лично што никогаш не сакам, нека го вратат имотот, тој да го врати на мојот дедо кој беше пола Ресен со фабрики, со имот и со куќи и ден денеска не е вратен. До ден денеска тоа првпат го кажувам во овие 10години. Не може да посочува така на мене, јас лично никого не сум нападнал, има еден закон со најдобри намери во овој период, особено не треба да се удира во тој дел на едни вакви закони на коалицијата и на Владата на политичко единство кое сега функционира со одредена цел и задача. Во тој дел и улогата, сигурно, на пратеничката група на Демократската алтернатива, која се обиде да става во одреден дел и на оваа коалициона Влада. Тука би застанал, повеќе не би полемизирал во делот на личноста, колективитетот, не можеме да излеземе од тој начин. Особено немојте да навлегуваме во односите кој е предлагач. Ќе повторам, предлагач сосема со своите размислувања господинот Биљали и јас дојдовме во овој Парламент така дали ќе го потпишеме или ќе го потпишете, дали заеднички ќе го дадеме. Никогаш дали од ВМРО за одредени основи за овие 10 години не сме излегувале и сме соработувале на одредени закони кои биле во интерес и кои сме ги имале во политичките платформи нашите согледувања. И, тука мислам дека не треба така.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Ќе се обидам да бидам краток, затоа што чувствувам дека расправата поприма еден непродуктивен тек и ќе бидам децидно во таа смисла уште еднаш да повторам дека немаме никакви дилеми Демократска алтернатива ќе го поддржи овој Предлог-закон. Меѓутоа, индикативно во целата оваа работа е начинот на размислувањето или логиката од која се поаѓа во толкувањето на некои суштествени работи кои што се отвораат со ова прашање. Поточно, сакам да потенцирам дека нема никаква основа воопшто за било каква расправа кога веќе имаме една почитувачка одлука на Уставниот суд, која практично не ни дава можност и право да расправаме во една поширока смисла околу исправноста, затоа што одлуката е неприкосновена и таа мора да се почитува. Меѓутоа, индикативен е начинот на размислување и обидот за релативизација и толкување на практикувањето на формирање на партиски претпријатија, на партиски капитал со намера на некој начин таквото практикување да се оправдува. Мислам дека, прво, самиот чин на такво практикување во поголема мера е една основа, би рекол, во едно воведување на тоталитаризам во државата и даваше на право на политичките партии во нивната супрематија да дојдат во улога на големиот брат, кој што може да го контролира потполно општеството и државата. Значи, тоа мора да се гледа и од тој аспект. Мислам дека обидите за аналогија во одредена европска пракса, односно во која се обидува да се оправдува ваквиот чин дека апсолутно не држат, затоа што, прво, тоа можеме да го гледаме од неколку аспекти. Не можеме Европа секогаш да ја гледаме во едно светло на апсолутна совршеност. Знаеме дека и Европската Унија стреми кон едно совршенство, меѓутоа, е во постојан напредок и во постојани промени сите девијантни работи, кои што се јавуваат и во самата Европска Унија, Според тоа, мислам дека земање за апсолутно совршенството на Европа е потполно погрешно. Друга работа е што Европа и Европската Унија има еден потполно друг, би рекол, односно подруга форма, една многу понапредната демократија и што правната држава функционира на многу поефикасен начин, отколку кај нас. Тоа е веќе другиот аспект на нештата. Според тоа, навистина, не можам да ги разберам толкувањата каде што се сака сега од аспект на една оправданост дека таквите партиски фирми можат да бидат во функција на работата на самите партии, да се оправдува еден чин кој што практично овозможува тоталитаристичко владеење и супрематија на политичките партии во општеството. Не можам, навистина, да разберам едно поистоветување господинот Глигоровски, кој е директор на "Магна Лекта" тоа сакаше да го оправда дека ете таа фирма е ставена во функција на поуспешно презентирање на партијата во јавноста, меѓутоа, тоа го поставува прашањето како ќе реагираше, на пример, директорот на "Фротирка" за да ја објасни потребата на партиската припадност на "Фротирка" во овој случај. Ако се земе, на пример, принципот на аналогија, тоа би значело дека и тоа е корист за партијата, затоа што, не знам, сите припадници на ВМРО ќе имале бањарки после бањањето, што мислам дека е еден апсурд. Овие бањарки сега можат да бидат доделени на СДСМ што е во една широка коалиција.

Исто така, би сакал да негодувам во квалификацијата или во констатацијата на

господинот Гештаковски кого инаку, навистина, го почитувам и еве реков дека ќе го поддржиме Предлог-законот, меѓутоа е неодржливо да се стави равенство помеѓу политичките партии, субјекти на коалицијата од претходната власт. Мислам дека навистина тоа е неодржливо и тоа сега отвора еден друг аспект на нештата, што исто така би сакал да го скандализирам. Тоа е моралната и етичката димензија на тоа како се сфаќа одредена можност која со законот била дадена. Иако, сега, таа можност се оценува како потполно невалидна, што значи нема правна потпора во Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, јас сега би го свртил обратно. Како тогаш одредени политички партии, кои што биле во таа коалициона влада, зошто од тие политички партии, како што е Демократска алтернатива зошто не го практикувала, односно не ја практикувала таа можност. Значи, тука се јавува димензијата, би рекол, етичка, морална димензија за свест дека може навистина во оваа смисла да се оди, практично на една злоупотреба на власта и воведување на тие, би кажал, тоталитаристички димензии во целата таа работа. Значи, тоа е од тој аспект.

Уште еднаш би сакал, навистина, да апелирам да прекинат тие меѓусебни обвинувања и препукнувања помеѓу довчерашната опозиција и сегашната најголема партија на власт. Навистина, во овие две години се изнаслушавме од двете страни, би рекол, од двата најголеми политички рова на меѓусебно обвинување кој направил поголем зулум или кој направил помал зулум во Република Македонија. И, навистина, крајно време е и мислам да се престане со тие меѓусебни препукнувања, поготово што сега во широката коалиција, еве се случи и тој историски чин да се обединат во политичкото делување тие две спротивставени страни, така што мислам дека дури и го поништивме митот, босанскиот мит за Курто и Мурто и имаме едно поистоветување, ако гледаме од тој аспект. Затоа, би го замолил господинот Гештаковски навистина да не става знакови на равенство во претходната коалиција. Затоа што, ако се ставаат тие знакови на равенство, истото равенство може да се стави во сегашната широка коалиција. Инаку, ќе го поддржиме без резерви Предлогот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Попов.

Радмила Шеќеринска се јавува повторно да го користи правото на говор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги имаше некои наши колеги, некои луѓе во јавноста кои што се плашеа дека со формирањето на големата коалиција ова тело ќе стане ирелевантна институција, институција која што ќе биде едногласна по сите прашања, институција во која што политичката борба ќе исчезне. Денешнава седница, по едно можеби навидум не: многу значајно прашање, меѓутоа, јас мислам дека е тоа прашање кое што ни ги обликува изминативе две години и што кажува дека тој песимизам или тоа стравување, ен биле оправдани. Се гледа дека идејата која што стоеше позади градење на таква коалиција ќе даде или ќе треба да даде одговор на крупни државни прашања е една работа, а она што значи секојдневни проблеми, секојдневни политички разлики, остануваат да бидат така. разликите помеѓу нашите политички партии по сите вакви и слични прашања ќе постојат да продолжат и тие ќе мора да продолжат да бидат манифестирани и обликувани и преку собранискиот дом. Токму поради тоа мислам дека денешнава седница ќе биде придонес во таа насока да објасни дека големата коалиција не значи исчезнување на разликите, напротив, и дека Собранието во овие моменти во овие неколку месеци колку што останаа до неговата работа, треба да покаже дека во ваква една видоизменета ситуација, може да даде квалитет плус, дали тоа ќе го искористиме или не, ќе зависи од нас.

Многу често во изминативе години, не само во овој собраниски мандат бевме фрустрирани, потресени, разочарани, изнервирани од тоа што дискутираме за теми кои што во некои други држави, пред се, оние европските биле апсолвирани и решени на почтокот на векот. Велевме дека се уште живееме во некое тоа време, во некое бившо време, во некои минати дилеми и дека многу ретко успеваме да ги лоцираме оние теми и дилеми кои што се актуелни и за останатиот свет. Денешната расправа го анулира и ваквиот песимизам и денеска навистина можеме да бидеме задоволни што дискутираме за една извонредно актуелна тема околу која се вкрстуваат политички копја во многу држави во светот, која доминираше со политичките дискусии не само во Западна Европа, во Европската Унија, туку и во Соединетите Американски Држави и теми кои што, треба однапред да ни биде јасно, нема да ги апсолвираме ниту со денешнава седница, без разлика каков ќе биде исходот на седницата. Значи, ова

покажува дека прашањето нема да го решиме еднократно, дека прашањето треба да го решаваме во од, меѓутоа, ова покажува дека многу ќе биде битно кој ќе биде првиот чекор кој што ќе го преземеме. Бидејќи, тој прв чекор ќе опише кои ни се намерите. Можеби, некоја ни е стратегијата, меѓутоа, кои ни се намерите.

Заради тоа, прашањата околу финансирањето на партиите, околу правилата на политичката игра се сложувам дека ќе бидат прашања кои што многу често ќе доаѓаат на седниците на Собранието. И, се сложувам дека овој закон или овој Предлог-закон нема да ги реши тие прашања, дека тоа ќе биде нешто со што ќе се занимава и секој нареден состав на Собранието и кој што ќе се менува во текот на годините.

Меѓутоа, мораме да признаеме дека овој сегашен закон предложен од двајца пратеници, кои што јас напротив би ги пофалила за иницијативното, а не би ги осудила, заради тоа што, како што велеше еден наш колега, се осудиле замислете да седнат и да напишат Предлог-закон. Ако тоа не ни е работата, не знам што ни е. Значи, овој предлог јас го гледам како еден обид да се санира состојба која што не притиска веќе подолг период. Да се санира состојба која што се одразува на целокупниот стопански и економски живот во Република Македонија, да се санира една ситуација која што навистина потресе многу огромен дел од јавноста македонска. Можете да свртите речиси секој втор ден дневните весници и да заклучите дека барем една тема го допира ова прашање. Барем во еден текст се допира тој меѓусебен нездрав однос меѓу партии, економски субјекти, директори на тие фирми, без разлика дали се општествени, партиски или било какви. Значи, тоа е работа која што не притиска. За жал, сега Собранието не најде сила и не најде можност да дискутира за оваа тема, иако често ја користевме, се сложувам, во нашите меѓусебни конфликти.

Овој документ или овој предлог претставува обид тие работи систематски да се решат, а не како што некој вели да се тера, па партиски маркетинг, туку навистина работите барем во еден дел или со еден чекор да се постават на вистинското место.

Јас немав дилема дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ќе изразат јавно, ќе го изразат јавно своето одбивање да гласаат за еден ваков закон. Очигледно е дека интересите се толку јаки, барем досега, овие кои што беа изнесени досега пред собраниската говорница, што едноставно не можат да дозволат отвораше на една ваква тема, барем ваков, по мене, конструктивен начин.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Навистина ме изненади во тек на дискусијата од некои пратеници што имаше мало разодување во ставовите. Така на пример, на самиот почеток чувме дека проблемот е практично во самото законско решение, што е старо и што дури сега го поставува СДС како проблем и покрај тоа што од 1996 до 1998 година не сметал дека е проблем.

Вториот став што беше изнесен, а тоа е спротивен од претходниот е дека, всушност, не е проблем во законодавството, заради тоа што таков дел од законодавство е присутен и во некои европски држави. Јас се согласувам дека не е дозволиво во некои држави во светот да политички партии имаат партиски фирми. Значи, не е недозволиво. Постои таква пракса. Претпоставувам тоа била причината заради тоа што овој закон бил жив неколку години претходно.

Она што е проблем, што во последниве две години флагрантно се запознавме со можностите за злоупотреби што ги нуди овој закон. И, тие примери што навистина тешко ни е денеска да ги набројуваме, ме убедија дека во Македонија мораме да преземаме некој радикален чекор. А, тоа е можноста за такви злоупотреби да се исклучи од законодавството.

Овој проблем, претпоставувам немаше да биде ни толку голем ни толку изразен доколку империјата наречена ВМРО-ДПМНЕ не само политичка туку и економска, не почна да расте од ден на ден, доколку не станевме сведоци на една тенденција да се купува се она што може да преживее, а да се продава, распродава се она што вака и вака изумира. Претпоставувам дека ова немаше да биде проблем доколку не се создадеше една цела мрежа на меѓусебни интереси што опфаќа и пратеници во ова Собрание, што истовремено станаа членови на некои управни одбори, кои истовремено станаа носители на политички одлуки не само во Собранието туку и надвор од неа а приграбија и некои други позиции што се директно зависни и од Собранието и од другите центри на моќ. Немаше да имаме ваков проблем денеска во Македонија и немаше, можеби, да го решаваме со промени во Законот за политички партии доколку во Македонија постоеше минимум чувство за она што во светот е многу

уважувано, многу ценето, многу анализирано, а се вика конфликт на интереси. Во ова Собрание ни се случи еден министер веќе бивши министер, во една од многуте влади на господинот Георгиевски, да излезе пред ова Собрание и да каже - да, точно е дека Монографијата што ја правеше и ја спонзорираше, финансираше моето министерство е печатено во печатница чиј сопственик е член на мое најтесно семејство. Меѓутоа тоа не е проблем. И, ова Собрание кажа со своето гласање против неговата интерпелација дека тоа не е проблем. И, такви примери не би сакала понатаму да ги наведувам, имаше мал милион.

Ова Собрание покажа, со самото тоа дека немавме дискусија, дека е во ред кога министер во истото министерство, меѓутоа со друго име и презиме дава милионски суми за договор склучен повторно со член на совет најблиско семејство. Никој не зборува за одговорноста. Не само политичка негова лична, туку политичка, на неговата партија, туку и кривична што сега се зборува во јавноста меѓутоа околу која по малку сум скептик.

Значи, се случија сите овие работи, ние останувавме неми и глуви на нив. Тие работи, нормално ескалираат, со тоа што прашање е дали постојат пратеници во ова Собрание од досегашното парламентарно мнозинство кои не се вклучени во една од овие структури, да кажам кои се меѓусебно поврзани.

Конфликтот на интереси, секако ќе биде многу покрупно прашање, прашање кое не е до крај регулирано во многу земји во светот, меѓутоа, во сите земји на светот тоа останува да биде политички принцип, што не се санкционира кривично, но ако не се санкционира, тогаш дефинитивно политички.

За жал, можностите за злоупотреба и можностите за ваква меѓусебна зависност се, навистина, неограничени. Така, на пример овде слушнавме дека е во ред доколку еден пратеник во Собранието на Република Македонија е и директор на приватна фирма, што всушност не е приватна, туку е партиска.

Прашање следно што ни се поставува, дали е во ред кога таа фирма ќе има привилегиран пристап до бизнисите што ги нуди Владата и нејзините агенции во однос на други фирми?

Прашање следно што ми се поставува, дали е можно тој пратеник да биде член на управен одбор на фирма што дава услуги на неговата приватно-партиска фирма?

Само овој пример покажува колку се сложени тие односи и дека тие односи едноставно не творат здрава економска клима. Напротив, таа економска клима апсолутно ја дисторзираат. Така, на пример Телекомот нуди услуги на Магнолетка, на Магнолетка директорот овде гласаше за приватизацијата на Телекомот, на Магнолетка директорот воедно е член на Управниот одбор на Телекомот. Какви услови добива таа фирма? Да не зборувам за другите односи со Владата, да не зборувам за другите односи со јавни претпријатија, тоа веќе е многу, многу сложена приказна.

Едноставно, овие работи, во било која нормална држава во светот, дури и ако не се напишани на хартија, би биле не дозволиви, би значеле политичко самоубиство за тој пратеник, би значеле политичко самоубиство за таа политичка партија. Овде се научивме да сметаме дека е тоа дел од дозволеното, нормално политичко однесување.

Доколку не повлечеме радикален чекор, доколку не нацртаме една, навистина дебелеа линија под ваквото однесување, претпоставувам дека секој од нас или секој од вас ќе има позади себе таков политички баласт, што нема да може да го носи. Едноставно, како пратеник, лично не би се чувствувала способна да носам исправни политички одлуки доколку во позадината или во свеста или во потсвеста имам други интереси,персонални, партиски или било како. Едноставно не можете да бидете објективни во сето тоа.

Токму поради тоа мислам дека овој закон треба да се поддржи и мислам дека тоа е еден од чекорите во вистинска насока. Претпоставувам или, можеби немам речиси ни дилеми кој ќе гласа и против. Повторно се враќаме на прашањето на конфликтни интереси. Ако вие имате бизнис што го водите во името на својата партија, ако вие ја застапувате партијата своја на неколку други фирми што го организираат тој бизнис, очигледно е дека како директор на тие фирми или како корисник на тие фондови нема да гласате за овој закон. Меѓутоа, добро е во оваа можност со гласање да покажеме кој на какви позиции е и кој какво однесување стимулира, овозможува или се обидува да неутрализира.

На крајот, се согласувам дека овој дел од законодавството што ќе го регулира финансирањето на партиите,

функционирањето на партиите, ограничувањето на вакви интереси да влијаат во носењето на политички одлуки, треба да биде долгорочен процес што ќе бара консензус меѓу политичките партии.

Меѓутоа во овој момент мене ми станува јасно дека нема простор за консензус. Заради тоа што консензус не можете да направите помеѓу партии што сметаат дека нешто треба да се менува и оние, кои што не само што сметаат, туку практикуваат решенија од типот на партиска империја што ќе запоседне, ако не цело, барем дел од македонското стопанство. Токму поради тоа не е поентата ние да направиме овде како претставници на политички партии, договор што, наводно, сите ќе го почитуваме. Битно е како тој договор ќе се одрази на остатокот од македонското стопанство, како тој договор ќе се одрази на граѓаните на Република Македонија. Се додека ние не успееме да направиме договор помеѓу политичките партии, носителите на политички функции или граѓаните на Република Македонија, дотогаш тој договор ќе биде едноставно меѓусебно замижување пред грешките на другиот. Замижувањето пред грешките на другите само не носи во поголеми грешки наредниот мандат или во следните четири-десет или триесет години.

Заради тоа апелирам да се поддржи законот, не како крајно решение, меѓутоа како политичка одлука дека овие нешта што не оптоваруваат мораме да ги менуваме.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Каранѓелевски има збор.

**РАДОМИР КАРАНЃЕЛЕВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани дами и господа пратеници, Јас не сакав да се јавувам, меѓутоа после вакви дискусии сепак некои работи сметам дека треба да разјасниме пред македонската јавност, затоа што прво бев зачуден, сега сум загрижен, а можам да кажам и уплашен од овие состојби што може да се реперкутираат во една поширока смисла на зборот. Зошто?

Ние, пред две-три недели направивме Влада на широка коалиција со точно определен мандат, која што треба да се занимава пред се со безбедноста и стабилноста на земјата, да спроведе постапка процедура за изготвување на нов изборен закон и да пријде и да се пријде кон нови парламентарни избори за да се создаде права слика на политичките односи, а не оваа искривена и изветоперена после сите овие случувања што се случуваат.

Сега, што имаме тука? Сега имаме една влада што има одреден мандат, што се обидов да го дефинирам низ три точки и имаме еден Парламент или Собрание кое што, тука гледаме една тотална поларизација на односи по едно, не, би се сложил споредно или маргинално прашање, туку едно од круцијалните прашања што се фундамент за пазарната економија, демократијата и квалитетот на односите во економијата и стопанството.

Зошто велам, различна ситуација во Владата и во Парламентот? Сакам да се задржам на еден феномен што се појави денеска при оваа дискусија, затоа и велам сум зачуден и загрижен, затоа што од ова што се случува во Парламентот помеѓу партнерите што се коалициони партнери во Владата, јас сум загрижен затоа што не знам дали таа Влада,бидејќи не излезе со една конзистентна и автохтона платформа како ќе делува таа на овие спротивставени ставови што се јавуваат сега во овој законодавен дом. Што значи тоа? Дали можеме да извлечеме заклучок дека секој министер ќе си води своја политика? Дали можеме да заклучиме дека можеби имаме три или четири или пет влади во таа Влада на широка коалиција? Тоа е само прашање што, во оваа ситуација во која се наоѓа земјата, само може да не загрижи.

Затоа, на некој начин сакам да сигнализирам и да ги повикам претставниците на сите партии и Владата, да седне, да направи една платформа, да не се замајуваме со други работи освен онаа суштинската, а тоа е стабилизација и зачувување на безбедноста на земјата.

Што се однесува до Законот, апсолутно се согласувам дека треба да се поддржи и е еден чекор кон дефинитивниот финален чин што би требале да направиме напори да го изгласаме и да средиме еден интегрален, конзистентен закон што ќе го реши она што претходните дискутанти го говореа, финансирањето на партиите во Парламентот на РМ.

Меѓутоа, реков дека не се согласувам дека е ова маргинално прашање бидејќи се работи за една појава што е тотално спротивна на пазарната економија, а тоа е создавање партиски профитабилни фирми. Не постои конкуренција. Значи, спротивно е на она што значи борба против монополот. Понатаму, не постои веќе квалитет во сите услуги, трговија. производство инт, што значи ќе го еродира

комплетно и стопанството и економијата во еден долгорочен период.

Понатаму, создава една психоза на бесперспективност, страв кај сите економски субјекти и генерира и потенцира понатаму одлив на стручни кадри од една таква бесперспективна ситуација.

На крајот на краиштата создава една психоза,ние во оваа држава не можеме некои најосновни демократски човекови права да ги оствариме.

Суштинско, исто така е, при ваквото практикување на економијата со партиските фирми, неминовно се јавува арбитрарното, бидејќи знаеме дека сега во еродирана, тотално еродирана економија основниот елемент каде што сите економски субјекти се свртени особено кон она што е буџет, јавни претпријатија итн., дека таа арбитрарното ќе оди кон она што значи тоталитаризам и зголемување на дискрециони права. Значи, тотално обратни процеси од она што ние овде толку се залагавме и декларативно очигледно сите партии консензуално пријдоа кон Договорот за стабилизација и асоцијација, неговото парафирање и потпишување. Велам како декларативна поддршка, затоа што суштински никој не сака, од тие што вака ја практикуваат власта, никој не сака тоа суштински да го употреби бидејќи задира во лични или во дел од мали и крупни интереси.

Со ова ќе завршам, со една констатација дека очигледно имаме денеска еден закон што, иако е од две точки е суштествен и треба да се поддржи. Јас ќе го поддржам. Тоа исто така говори за едно ниво, односно стандарди што ние треба да ги менуваме во нашите глави за демократизација на вкупните односи и во стопанството, во економијата и сите други сфери и етиката што ја спомнуваа моите колеги. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Александар Пандов.

Напомнувам дека после вашата дискусија ќе направиме прекин до 17,00 часот и нешто, по што ќе продолжиме понатаму, а сега да одиме на ручек.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам потпретседател.

Би сакал да спорам со неколку тези што беа тука истакнати од претходните дискутанти или да потсетам на некои работи што биле заборавени, очигледно.

Имено, партијата ВМРО-ДПМНЕ 1998 година, кога дојдовме на власт го практикуваше Законот што беше на сила, донесен 1994 година, во кој што не беше забрането политичките партии да поседуваат свој сопствен имот и од тој имот да имаат финансиска корист. Сега во најголем дел тој имот беше во недвижнини, во ова или она, и тоа не би сакал да го проширувам. Но би потсетил дека после одлуката на Уставниот суд тоа може да се провери, ВМРО-ДПМНЕ не е партија што поседува сега сопствени фирми. Одлуката на Уставниот суд, дали ни беше право или не, ниту ја коментиравме ниту ја толкувавме, туку ја спроведовме на сила. Она што предвидуваше дека политичките партии не смеат да поседуваат сопствен имот.

Е сега, би сакал да кажам уште една работа. Тоа е дека и до 1998 година имав можност за ова да зборувам, имавме на Комисија, со господинот Гештаковски споревме и тогаш до 1998 година ВМРО-ДПМНЕ и после 1998 година таа беше главна фирма што посредувавме фирмата се викаше "Глас", беше во сопственост, јас не се сеќавам некој во ова Собрание, ние тогаш немавме претставници, дека спорел, дека му пречело тоа. И после 1998 година "Глас" како фирма беше главната матична фирма што ја имавме. Тогаш настанаа проблемите и таа фирма поседуваше, се занимаваше со издавачка активност, со печатење на материјали и друго. Тогаш господинот Гештаковски не најде за сходно, зборувам за 1998 година кога и натаму беше на сила стариот закон што сега се предлага да се измени, се работи за два-три членови, не најде за сходно да се пожали зошто ВМРО-ДПМНЕ има таква фирма и зошто не ја укине, зошто не се забрани. Не знам, не сум испитал, колку што знам и СДС е партија која во своја сопственост има недвижен имот и не знам како е тоа регулирано. Мислам дека со овој закон и понатаму не се регулира.

Конечно, нема да гласам за овој закон не од причини што мислам дека политичките партии треба да имаат свои фирми, не. Туку, затоа што не ја гледам суштината на основниот проблем зошто дошло до тоа ВМРО да има или да нема фирми или другите партии да имаат или немаат фирми. А, тоа е финансирањето на политичките партии. За да постои една политичка партија во големина и број на членство како што е ВМРО-ДПМНЕ, а претпоставувам дека и СДСМ го има истиот проблем,потребни се финансии. Покрај

добра волја на тие членови, потребен е некој технички персонал кој мора да се плати. Не гледам дека со овој предлог на закон и со овие измени и дополнувања на Законот за политички пратениците Мерсел Биљали и Александар Гештаковски нудат некое решение како тоа од сега па натаму ќе се решава.

Од тие причини, мислам дека е потребно да се направи некое тело или нека седнат истите двајца пратеници, па кога ќе нудат предлог за измени на постојниот да дадат и такво решение, како понатаму ќе се финансираат политичките партии. За една политичка партија да постои, а е во опозиција, како ќе се финансира? Како ќе ги тера кампањите? До сега, праксата беше многу непријатна, многу невкусна од страна на старите партии што беа на власт, а тоа беше своевиден политички рекет, така што одеа кај директорите на одредени фирми, под присила бараде спонзорства или за некаква ваква или таква услуга.

Значи, повторно ќе кажам, не велам дека поседувањето на фирми што ќе се бават со дејност, било каква е решение за финансирање на политичките партии.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ**: (продолжение)

Но, тогаш треба да седнеме и да најдеме некое какво такво решение затоа што сега не се нуди никакво решение и понатаму политичките партии ако не на овој начин, а мислам дека е многу почесен и многу по фер со свои фирми ќе бидат принудени на своевиден политички рекет кој мислам дека е уште понепопуларна метода, па од тие причини нема да гласам за овие предлог измени што се дадени, ќе повторам уште еднаш затоа што мислам дека не го решаваат предлогот кој е сега наметнат во Република Македонија.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, во овој момент ќе ја прекинеме седницата, продолжуваме во 17,15 часот да се објави ручекот, а ќе работиме до 19,30 часот.

(Имаше негодување од страна на пратениците зошто до 17,15 часот

(Пауза од 15,25 до 17,30 часот)

Седницата продолжи со работа во 17,30 часот.

Продолжуваме со работа.

Имаме доволен број присутни пратеници, (63), па можеме да продолжиме.

За збор се јави г-динот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници и јас сакам да земам збор во врска со Предлогот за изменување и дополнување на законот за политички партии при што сакам да кажам неколку работи.

Имено, овој закон за политички партии е донесен 1994 година, а сега се прават првите измени и дополнувања 2001 година.

Притоа, морам да кажам дека се поставуваат неколку прашања на кои треба да се даде одговор, а тоа е кој, кога, и зошто го донел овој закон и зошто сега токму во овој момент се бараат измени и дополнувања на овој закон. Очигледно е дека 1994 година, во ова Собрание имаше едноумие, законот беше донесен онаков каков што беше за да послужи за одредена цел. Која беше целта видовме понатаму во делот на приватизацијата кога започна при што морам да кажам дека одредени учесници во тој процес сега на цел глас трубат како сега се прави кражба со приватизацијата а забораваат дека сето тоа го правеле порано. Според мене се работи за чист политички маркетинг затоа што ова ми стои како загревање за претстојната изборна кампања за предвремените парламентарни избори како е договорено и затоа сакам да укажам на тоа ако треба да ги носиме законите за да траат само онолку колку некому му се потребни да реализира некои состојби, мислам дека воопшто не е во ред. Законите на една држава треба да се донесат со една цел да бидат трајни за да им послужат на граѓаните за кои се носат да бидат транспарентни и во исто време да бидат долготрајни, а не краткотрајни односно за една употреба.

Оваа дискусија во овој дел околу финансирањето на политичките партии го сметам исклучиво како чист политички маркетинг и ништо повеќе од тоа. Инаку, веројатно она што го кажа почитуваниот колега Саво Климовски дека треба дефинитивно да се најде едно решение за начинот на финансирањето на политичките партии да не биде тоа преку т.н. општествен грабеж, мислам дека е во ред и уште еднаш прашањето треба да се затвори но со соодветни и валидни закони кои дефинитивно ќе го решат прашањето на финансирањето на политичките партии.

Колку што се сеќавам 1995 година, изборите ги добивме на одредени сегменти говоревме за ревизија на приватизацијата процес кој всушност зема таков замав во претходниот мандат што сега мислам дека е

потполно напорно некои од политичарите да дискутираат за процес на приватизација и за тоа дека сега се врши грабеж во државата кога порано знаеле како беше приватизирано и што беше приватизирано.

Некои од политичките партии го изгубија мандатот да владеат со оваа држава. Не би сакал да коментирам како Нова демократија како политичка партија ќе гласа по овој закон затоа што навистина сме доведени во една ситуација да не знаеме што да мислиме затоа што не можеме да сфатиме како една политичка партија која имала мнозинство во тој период донела таков закон па дури по 7 години увидела дека таквиот закон всушност може да биде искористен за одредени манипулации во делот на приватизацијата, во делот на финансирањето итн.

Го задржуваме правото да гласаме по наше сопствено видување така што еве тоа е од прилика накратко тоа што сакам да го кажам. Во исто време би сакал да Ве замолам како претседавач на Собранието денеска седницата да трае некаде до 19,00 часот затоа што после тоа ќе имаме партиски активности.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам господине Спанаков.

Дали друг се јавува за збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ;**

Јас би сакал пред гласање да препорачам на некои пратеници што се многу загрижени во врска со совеста како ќе гласаат да размислат малку и за Уставот кој треба да го почитуваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседател сите дискутираа околу изменувањата и дополнувањата на Законот за политичките партии, сите дискутираа како е донесен законот. Тоа не е мој предлог, тоа е ваш предлог. Без разлика која партија што правела од 1990 година наваму па до сега, не треба да се напаѓаме, треба сите да ја смириме топката, затоа што сега сме една фамилија, сме направиле коалиција, и треба малку поинаку да разговараме затоа што народот не гледа. За време на паузата прошетав малку низ градот граѓаните ми велат дали сте широка коалиција или што сте? Јас реков дека сме широка коалиција. Значи, ако настапуваме на ваков начин тогаш не требало да правиме коалиција, изгледа како форма на коалиција тогаш да не разговараме за други работи, јас мислам дека треба да разговараме, дајте предлог сите да се потпишеме овде, ако имате срце да го распуштиме овој парламент и да одиме на нови избори, сега да не се напаѓаме овде затоа што е во интерес на Република Македонија, во интерес на нашите граѓани се направи оваа широка коалиција и не би требало да се напаѓаме, затоа што заеднички ја имаме и власта, многу малку имаме во опозиција. Сакам да кажам дека ние сме една фамилија.

Народот ни се смее надвор, ви кажувам, ова што го говорам овде народот го слуша. Граѓаните ни се смеат што правиме внатре во парламентот,што се случува со нас пратениците и комплетната власт. Дали постоиме или не. Што е ова. Дали сме една власт, велат направивте широка коалиција дали сме една фамилија или комшии или братучеди или едноставно си го тераме стариот терк, а сакаме сите од колачот на државата да лапнеме. Тоа не е како што треба. Дајте во интерес на сите граѓани, гледате дека имаме проблем во државата, дајте проблемот да се реши и тоа да биде во интерес на сите граѓани без разлика од која националност се, да има мир, да може да се работи и да живееме.

Сакам да предложам едно, кога се работи за партии, сакам да кажам дека големите партии многу лапнаа, многу зборуваат и сакаат да се перат. Не може никој да се пере, туку треба да се мисли на 38 до 40 партии кои постојат во судскиот регистар на Република Македонија. Треба да се донесе закон за финансирање на сите парламентарни и вонпарламентарно партии за да можат утре, друг ден да учествуваат на избори. Сега ние дискутираме кој каква фирма отворил, еве господинот Саво Климовски што кажа потполно се согласувам, го поддржувам да видиме не само за партиите во парламентот туку и за сите партии што се регистрирани.

Господине потпретседател, дали ќе може малку тишина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да бидеме продуктивни да го ислушаме колегата Амди.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас го поддржувам г-динот Саво Климовски, неговиот предлог беше добар затоа што во Република Македонија постојат многу партии, тоа е точно, но има партии кои немаат никакви финансии тука мислам на вонпарламентарните, а доаѓаат избори. Треба да се направи закон да се финансираат партиите од средства на

државата за да учествуваат на избори за да земат учество повеќе партии овде во парламентот. Инаку, не можат да добијат ако немаат средства. Тие што имаат средства ќе излезат на избори. Ова го кажувам за многу партии кои се регистрирани, кога ќе дојде време за избори, сега да не се караме, да не се правиме тужи баби дајте сите да работиме во интерес на државата што побргу да се донесе мир во Републиката, да не се војува, тоа го бараат граѓаните од нас, Јас толку од мене, а препорака од граѓаните е да работиме во парламентот посвесно, попаметно, јас ви го пренесувам вам, еве и граѓаните слушаат, за мир на Републиката, за добротите на Републиката, затоа направивме една фамилија, широка коалиција и да поддржиме се што треба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот, а сега дозволете ми и јас да го кажам своето мислење по однос на предлогот на овој закон.

Колеги пратеници, најтешко е да почнеш од крајот, не од почеток. Зошто? Да кажам зошто не можам да го поддржам овој проект на закон. Имаме едно говорење, постоење на Одлука на Уставниот суд за некаква забрана за постоење на имот на политичките партии. Имаме предлог уште понатаму да се продолжи дека не можат да се бават и со профитабилни работи за кои треба да расправаме. Ова, како уставна категорија, но како што рече еден колега влеговме во популизам на своите сфаќања кој што направил или не направил, зошто за едниот е срам за другиот не, зошто за едниот е за убаво зошто за другиот е лошо итн.

Колеги пратеници имам малку трпение, прво, предлогот на закон политичка партија не може да објавува профитабилна дејност ниту за таа цел да формира претпријатие. Ова е добро. Јас како текст го поддржувам. Како забрана. Меѓутоа, ќе морам да го повикам г-динот Гештаковски и другиот предлагач да ми објаснат што да правиме со уставните гаранции и сега кога го прочитав текстот на Предлогот на законот сакам да го прочитам и уставниот дел. Во член 30 од Уставот се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата што произлегуваат од неа освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Затоа го повикува Гештаковски да ми покаже кој е тој закон каде е утврден овој јавен интерес.

Понатаму, друга темелна вредност во член 8 правото на сопственоста е заштитено. Ако ние сега со одлуки на суд кој може да цени само согласност со Уставот, а не и да го менува Уставот ќе треба да го смениме Уставот, се поставува прашање дали Уставниот суд е уставотворен или е само дел од власта како државен институт. Дали го признавам постои само нашето толкување на одредени правници дека не се толкуваат одлуките на судот. Судот во својата одлука има факт, документ воведен дел, диспозитив и образложение. Господата предлагачи не го читаат диспозитивот на таа одлука каде говори дека приходите од имотот не можат да се користат за остварување на програмите на политичките партии. Никаде не вели дека не смее да има имот. Во тој случај сега, ако така го толкуваат се прашувам кој го измени уставот дали уставниот суд ќе го толкува или ќе го применува Уставот. Јасно е, толкувањето на законите и Уставот не е дадено на никој друг освен на ова Собрание. Сега што имаме? Направивме една правна заблуда преку таа одлука затоа што добивме едно нарачано решение. Вели одлуките на судовите не се ценат, не се коментираат, се извршуваат. Да. Јас тоа ќе го почитував, но предлагачите на овој законски текст ако немаа друго мислење да кажат па животот ни покажа дека е можна злоупотреба и ќе го надградуваме системот преку промена на законите. Зошто сега постапуваат не преку промена на Уставот, туку преку судска одлука. Дали имаме овластување правото на законодавниот дел го префрлиме на суд? Не. Сега дојдовме до уште едно друго ограничување што говори членот 55. Сите субјекти на пазарот се еднакви. Ако на некој му оспориме право на сопственост, тогаш како може да биде субјект на пазарот. Кога говоревме кои ќе бидат субјекти во правото директно во две форми се субјектите. Правно и физичко лице. Со членот 10 од Законот за политичките партии предвидено е дека политичката партија е правно лице. Ве прашувам колеги со кој закон ние го сменивме својството на прав но лице на политичката партија. Со кој пропис?. Ако имаме таква одлука, ако имаме некој пропис јас се согласувам и пак се враќам на почетниот дел. Каде е јавниот интерес со кој можат да се ограничат овие права. во која одредба, во што. Еднаш нема да престанеме со распродавање на право кој како ќе му текне.

Кога го носевме овој Устав од предлагачите само едниот е кој гласал за

овој Устав, ние говоревме дека имаме снага и гаранција ќе се води навистина правна држава, ќе имаме органи кои нема да го кршат Уставот, а сега ние како Собрание одлучивме да го кршиме Уставот, да гласаме за закон кој дава ограничување и сега во војната на екстензивно и суспензивно дејствие на Уставот овде на штета на граѓаните имаме примена на Уставот. Ќе му го ограничиме правото на сите правни лица меѓу кои ете се нашле и политичките партии. Ако е така дајте нека се пере, ложи друг закон со кој ќе се утврди дека за политичките партии од јавен интерес е да немаат имот, да им се скрати ова право, па да го гласаме овој закон. Меѓутоа, господа пратеници што ќе биде кога останаа другите форми на избор на право односно на средства, донации, подароци, наследство, игра на среќа, членарина. Што со тие средства ќе треба да се прави. Кој треба да одлучи дали политичкиот противник или оној кој располага со тие средства. Ако е така, јас го разбирам Гештаковски од име на СДСМ што сака да врши контрола на приходите на ВМРО и на другите и на сопствената партија. Меѓутоа, правото на средствата на сопственоста е дадено на сопственикот а не на комшијата. Ние во примена на правото не смееме да бидеме така нежни и наместо јавниот да си го штитиме приватниот интерес. Точно е навистина во членот 30 став 2 вели правото на сопствениот произведува право и обврски но тие обврски не се права друг да ти ги земе, туку од сопственоста имаш право на обврска утврдена со јавен интерес.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:
(продолжение)

Заради ова тврдам дека овој закон, овој Предлог на закон нема уставна поткрепа и за тоа не можам да гласам за него.

Има збор Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, морам да се јавам, четири пати ме прозивавте. Ќе бидам краток.

Врз основа на моите правни познавања јас ваква правна теорија не познавам, сигурно морам да признам. Има големи професори на Правниот факултет. Ова е некој нов правец во толкување на законите и на уставите и тука не би навлегувал и не можам да објаснам. Само сакам да ви кажам едно, со одлуката на Уставниот суд која е донесена на 28 февруари 2001 година во точка 4 во диспозитивот се вели: На седницата судот утврди дека според член 2 од Законот политичките партии се оние организирани групи на граѓани кои се залагаат за учество во власта" Од што недвосмислено произлегува одговорот на прашањето каква е правната положба на овој правен субјект. Вие што развивате теории за трговски друштва, тоа е ваше. А сигурно и студентите ќе проучуваат вакви гледања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да не одиме повеќе, таму се говори за средствата што политичките партии ќе ги користат за остварување на својата програма. Од каде произлегуваат? И говори, од тоа, од тоа и од приходи од сопствен имот. И тој дел е точно изземан и вика, се поништува, а не образложението.

Дали некој друг бара збор?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина после оваа дискусија на потпретседателот на Собранието навлегуваме во еден многу ризичен терен од аспектот на Уставот. Јас го ценам како поединечно мислење, но, искажувам од оваа говорница има посебна тежина, а се работи за следново. Според нашиот Устав единствено Уставниот суд а не Собранието има право да ја цени законитоста и уставноста на актите што ги носиме ние овде. Друго е што сака потпретседателот во своето излагање да каже автентично толкување на законот. Автентично толкување на законот оди по една сосема друга процедура и јас не сакам овде граѓаните да ги замарам со тоа. Но, можам да ви го кажам следново, ние денеска дискутираме за една тавтологија. Одлуката на Уставниот суд е конечна и извршна. Ништо ние не менуваме и да ги донесеме, или да не ги донесеме денеска овие измени. Затоа што не може понатаму да се спроведува таа одредба од Законот за политичките партии. Колку ние овде сега да гласаме и да прегласуваме, си направивме добар политички маркетинг, си кажавме што не боли да речеме од донесување на тој закон до сега и сега се обидоа двајца пратеници овде тоа што го кажал Уставниот суд да го направиме ние овде. Јас на почетокот од мојата дискусија реков, дека би било најдобро ова да го вратиме со заклучок до Владата да подготви информација за сите состојби во врска со реституцијата, бидејќи мора да се направи реституција, овде имаме поништување, реституција на штетите, на средствата итн., што настанале со примената на овој закон. А врз основа на тоа да ја задолжиме Владата да ни подготви нов закон за финансирање на политичките партии,

интегрален закон за финансирање на политичките партии, затоа што повторувам овде, Уставниот суд е самостојна институција, не е дел на судскиот систем чија што основна задача е да го има последниот збор помеѓу она што ние овде го правиме и она што претставува Устав, па каков и да е тој Устав. Ние Уставот не можеме овде да го толкуваме, можеме само по една процедура да го смениме. Според тоа, одлуката мораме да ја примиме и врз основа на неа, јас пак велам,Владата требаше да ни го предложи сето ова, да не се расправаме овде по предлог на двајца пратеници. Владата тоа не го направи. Мислам дека не е незаконито и неуставно и неделовнички и пратениците тоа да го направат. И затоа ние денеска расправаме по тоа прашање. Но, ви велам што ќе биде ако го отфрлиме тоа. Мислите дека може и понатаму да се формираат партиски фирми? Не може. Не може, одлуката на Уставниот суд е извршна, туку напротив сега треба Владата да седне и да подготви она што треба да го направи. И од тој аспект јас мислам да не навлегуваме, да не даваме свои толкувања за одлуката на Уставниот суд, тие не се толкуваат. Ние можеме пак да донесеме некој закон, Уставниот суд пак да ни го поништи како што ни поништуваше, односно укинуваше досега најчесто. Овде имаме поништување. И да се разбереме. Ние овде не сме безгрешни. Има политички интереси, можат да преовладаат такви, или онакви и сето тоа, затоа постои Уставниот суд, затоа таа институција постои. И од тој аспект јас овде укажувам дека доколку и ова не се усвои, односно не се изгласа денеска овој предлог за измени и дополнувања на законот повторно останува одлуката на Уставниот суд. А би било многу поцелисходно ние денеска да донесеме еден заклучок со кој што ќе ја задолжиме Владата овие работи да ги направи и да не информира, па да видиме дали биле едните, или другите во право во целата оваа расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сакам да кажам една работа. Вие велите дека ги цени уставност. Јас употребив, дали тој го променува Уставот. Не реков дека не цени уставност. Уставот не може никој да го менува освен Собранието. И сега примената на Уставот е прашање и секој може да ја коментира примената.

Има збор Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ова ми е четврти пат што се јавувам и не знам дали ние не сме способни како предлагачи некого да убедуваме, или некој не сака воопшто да се убедува. Имено, еве поконкретно ќе кажам. Уставниот суд врши оценување на уставноста на постојниот закон, овој закон за политички партии. Пред да се донесе одлука на Уставен суд член 28 гласеше, значи пред да се донесеше одлука на Уставниот суд гласеше вака: политичките партии средствата за своето дејствување можат да ги стекнуваат од членарина, прилози, приходи од сопствен имот, кредити, подароци, дотации и од Буџетот на Република Македонија. И сега бидејќи со одлуката зборовите приходи од сопствен имот се укинати. И тогаш овој член ќе се прочита вака: политичките партии средства за своето дејствување можат да ги стекнуваат од членарина, прилози, значи веќе приходи од сопствен имот немаат, кредити, подароци, дотации, легати од Буџет на Република Македонија. Значи со самиот факт што веќе немаат можност да се финансираат од приходи од сопствен имот немаат право ниту да имаат имот, а од тука немаат право да формираат и претпријатие, или трговски здруженија. Јас сега прашувам надвор од ова, од каде на некои политички партии капитал од преку 100 милиони германски марки во време кога граѓаните просто гладуваат, од каде тие пари, како некој дојде до таква огромна сума? Тоа е прво. Тие пари не се паднати од небото, тие пари се пари директно од џебовите на граѓаните, директно земени од граѓаните. Некој нека каже од каде толкав капитал кај политичките партии кои пред тоа немале ништо. Јас мислам дека ние како Собрание имаме обврска и морална и политичка и правна да се бориме против таквите злоупотреби, против криминализацијата на општеството. Поинаку мислам дека заслужува јавно да кажуваме дека и оваа власт и оваа структура го помага криминалитетот во државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова се однесува на мене и ми објаснувате како јас да не сум сфатил, Колега Биљали, првото го оправдувате со постоење на судска одлука. А второто, за висината на капитал, дали тоа е ваше, вие сте извор и вашата партија има таков капитал? Тоа е ваше право.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, нема потреба тоа да го коментирате. Тоа е спротивно и на Деловникот сега ако барате збор, или реплика, тоа е друго. Јас сакам да кажам накратко, бидејќи влегуваме и во правниот дел што не е целисходно.

Господинот Саво Климовски е потполно во право. Имаме одлука на Уставен суд која

треба да се изврши. Имаме закон кој во дадениот случај стана без предметен, во членот 2 го поништуваме. Господинот Саво Климовски не сфаќа дека законот од двајцата пратеници кој така ни кажува, двајца пратеници, кои се овластени предлагачи, полноправни, го предложија два месеци пред Уставниот суд и ние како добри познавачи на Деловникот го укинавме она што се регулира со Уставниот суд и оставаме тоа да се изврши се она што значи одлука на Уставен суд. Ние го покачуваме и тоа е целта. Имаме легитимен дел кој го покачуваме Законот за политички партии во однос на остварување на приходи за финансирање на своите програми и тоа е во тој дел. Би сакал уште нешто да кажам сега во тој дел. Господинот Саво Климовски предлага Собранието да донесе заклучок. Тука морам да укажам, Собранието во оваа фаза во овој дел на расправа Собранието може да донесе заклучок да му го препрати законот на Владата. Ние расправаме по предлог за донесување. Собранието може да го прифати, или да не го прифати, ако не го прифати не одиме понатаму по Предлогот на законот. Тоа е постапката. Предлагањето да оди на Влада со заклучок, па Владата да работи. Јас најдобронамерно би му предложил на професорот Саво Климовски заедно доколку смета, а ако има волја, а знаење има, да седнеме да изработиме еден закон како пратеници бидејќи досегашната пракса во Република Македонија, за него не сакам да кажам, за другите, Владата ќе го добие нашиот заклучок, ќе го ангажира на пример Н.Н. професорот, не Саво Климовски, а тој е експерт за тоа, или друг да не кажуваме и тие ќе ни го доставаат во нивна фаза. Пратениците во оваа фаза треба да одлучат и се компетентни и да ангажираат. Таа е целта и на демократијата и на овој Парламент. На располагање дури и Универзитетските професори да им бидат на пратениците во предлагање на закон. А заедно сигурно најдобронамерно сигурно можеме да направиме добар закон врз основа на нашето искуство. Овие два пратеници кои со потценување некои ги кажуваат и плус одредени експерти кои ги имаме, добар закон за финансирање што во потполно се согласувам за целосно регулирање врз основа на се она што значи компаративна предност и сите документи кои ги имаме, кои се припремивме ние. Јас ги запознавам и колегиве, тоа се е во делот на финансирање на политичките партии и компаративните искуства во светот прилагодени врз нашите уставни решенија и одлуката на Уставниот суд.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мене ми се обративте за овој дел. Само едно колега Гештаковски сакам да ви ставам до знаење, бидејќи предлогот за неуставност да се отвори постапка од Павле Трајанов беше поднесено во месец април. Според тоа, значи не било тајна да не се знае што се работи таму. Вие се сомневавте дека нема да успеете, па го дадовте овој предлог.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не сакам да бидам премногу досаден, но би сакал само на ова да укажам. Многу добро ми е познато дека оваа процедура мора да заврши, дека ќе заврши со гласање. Јас не го оспорувам тоа, ниту пред малку реков дека го оспорувам легитимното право на пратениците да предлагаат измени и дополнувања на закони. Меѓутоа, овде работата и дискусијата исфрли многу други прашања, многу посуптилни прашања кои што можеби ќе придонесат на една група пратеници да изработи и посебен закон за финансирање на политичките партии, а тоа е фактот, кој штетни последици ги предизвика досегашниот начин на финансирање на политичките партии, во кампањите, маса други активности каде што се трошат големи пари. Прашањето е, од каде се тие пари, кои се изворите на тие пари, зошто некои имаат, а други немаат, кои се тие софистицирани методи преку кои што се вртат тие пари итн. Затоа велам, едно е законот што ќе го носиме, а друго е она што ќе треба да го побараме од Владата да ни достави една информација кои се последиците од ништовното на оваа одредба. Што превезела Владата во спроведувањето на оваа одредба на Уставниот суд? Има ли последици, нема ли последици. Можеби Уставниот суд и погрешил во смисла на материјалниот аспект, немало последици. Дај Боже да ги нема тие последици. Но, овде се работи од денот кога е донесен законот од 1994 година до сега какви се последици имало од оваа одредба на законот. И затоа мислев дека ќе си завршиме со гласање по овој дел, а после тоа ќе одиме да бараме една информација од Владата. Во таа смисла побарав. Тоа е моето барање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политички партии.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник, за гласале41 пратеници, 17 пратеници гласале воздржани и 23 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се сомневам во гласањето и барам да се гласа поединечно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали имате поддршка од 10 пратеници?

Нема поддршка од 10 пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 83 пратеници, од кои 52 "за", 10 "воздржани" и 21 "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на законот.

Предлагачот на законот, пратениците Александар Гештаковски и Мерсел Билали поднесоа амандман за бришење на член 2 и тој е составен дел на предлогот на законот.

Пратеникот Ѓорѓи Котевски поднесе амандман на член во новиот став 3 по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот став 3 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Молам, предлагачите да се произнесат.

Има збор пратеникот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 85 пратеници, од кои 45 "за", 6 "воздржани" и 34 "против".

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на закон.

Законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

(По гласањето)

(Вкупно гласале 84 пратеници, од кои 42 "за", 13 "воздржани" и 29 "против").

Бидејќи законот не доби мнозинство, констатирам дека не е усвоен.

Преминуваме на 16-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието и мислењето а Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Тоа значи дека треба да се обезбеди 61 глас.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на ВМРО-ВИСТИНСКА македонска реформски опција, во текот на јануари, го даде овој предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со предлог на закон, кој денес е на дневен ред, после дискусијата за

Законот за политички партии и можеби некои аспекти и размислувања што ги слушнавме овде околу регулирањето на статусот и финансирање на политичките партии опфатија и сегменти околу размислувањата кои се причина за предлагањето на овој закон, а кои ќе ги изнесам сега во моето натамошно излагање.

Она што сакавме да го регулираме со овој закон како предлагачи на овој закон, тоа е статусот на пратеникот. Ние сметаме, а мислам дека тоа е мислење и на големиот дел граѓани на Република Македонија, тоа е дека статусот на пратеникот во Република Македонија не е регулиран. Сметаме дека за регулирање на тој статус на пратеникот треба една комплексна законска регулатива, која треба да следи можеби во еден подолг иден период и затоа е потребно подолго време, а можеби пратениците во овој мандат нема да успеат да решат многу аспекти од статусот на пратеникот.

Кога зборувам за статусот на пратеник, сакам да бидам јасен дека мислам пред се на функционирањето на функцијата пратеник во смисла на релацијата пратеник со избирачот, односно артикулацијата на интересот на избирачот преку функцијата пратеник. Тоа е основното кое веројатно сите сакаме да го постигнеме со сите законски регулативи кои сакаме да ги менуваме, меѓутоа, до изменувањето на сите тие законски моменти, регулирањето на функционирањето на пратеникот токму во интерес на гласачот граѓанин, пратеник кој би можел во секој момент да ги артикулира интересите на граѓаните кои го избрале, пратеник кој во секој момент преку своето функционирање би можел да го слуша она што го викаме народски "гласот на народот", односно да воспостави врски со гласачите е она што сакаме да го направиме со законската регулатива во Република Македонија. Ќе се навратам на тоа дека се комплексни тие законски регулативи, а доказа за тоа е фактот што на дневниот ред на 69-та седница имаме уште еден предлог на закон за пратеници, што значи дека и некој друг с обидел да регулира друг сегмент од функционирањето на пратеникот. Нашиот дел кој ние сакавме да се регулира односно да интервенираме е следниот.

Ние сметаме дека сите функции на кои се избрани пратениците и кои правеа забуна во минатиот период, како што се: член на управен одбор, директорски функции не треба да се компатибилни и не треба да се во служба на функцијата пратеник. Затоа, со оваа законска регулатива сакавме да го измениме ова. Свесни сме дека едно глобално решавање на функцијата пратеник би ги решило сите аспекти на функционирањето на пратеникот, меѓутоа, до едно такво глобално решавање, бидејќи знаеме дека и овој закон кој денес е донесен, кој е ставен на дневен ред е со неизвесен исход од гласањето, еднаш беше кај претседателот на државата и е вратен од потпис, што значи дека некои аспекти ќе останат нерегулирани долго време. Во таа смисла сакаме барем оној мал сегмент кој го мачи пратеникот, кој го мачи гласачот до комплетното регулирање на статусот на пратеникот да го регулираме преку оваа интервенција во законот. Затоа, јас ќе поминам директно на причините зошто тоа го предлагаме и на самиот закон.

Пред да преминам на самиот текст на законот сакам да кажам дека сме сведоци на една голема, можеби најголема досега, деградација на статусот на функцијата пратеник во јавноста како таков, што е резултат на комплексни причини. Меѓу другите причини се појавуваат и процесите во државата кои се јавуваат во изминатиот период, а можеби и тие случки кои се случуваа околу актуелностите на формирањето на новото парламентарно мнозинство и неговото неформирање односно формирање на друго парламентарно мнозинство, кога во јавноста излегоа многу моменти од нови членувања во управни одбори, сменување на управни одбори и други функции за пратениците.

Причината заради која сакаме да се донесе ваква измена во законот, сепак не треба да е политичка, туку некоја друга причина, а главната причина заради која сметаме дека треба да се донесе еден ваков закон што можеби малку ќе ја крене довербата во функцијата пратеник, тоа е судирот на интереси кои се јавува при избирање на вакви функции на пратеникот. Сведоци сме дека во Собранието се донесуваат многу закони и законски проекти на јавни претпријатија, институции на Владата, кои имаат интерес да се донесат тие закони, а во управните одбори на истите тие претпријатија членуваат пратениците. Значи, тука се јавува судир на интересите каде пратеникот нема д го штити интересот на гласачот, туку се отвора можност да може да дојде до судир на интересите каде што тој може да го штити интересот на јавното претпријатие, или другото

претпријатие, каде што е член, односно каде членува како член на управниот одбор.

Исто така, со ова сите пратеници и од позицијата и од опозицијата и од широката коалиција мислам дека би можеле полесно да функционираат, ако немаат пред себе товарот, она мислење кое завладеа во јавноста дека тие преку добивањето на тие функции, директорски места, членови на управни одбори и слични функции во јавните претпријатија, на некој начин се влијае на нивното политичко одлучување во Парламентот. Сепак, ќе се согласиме сите дека граѓанинот сака да има независен пратеник на кој пред се ќе му е законодавството и интересите кои ги штити овој Парламент, а не функциите на јавните претпријатија и интересите на Владата. Сметаме дека преку можноста Владата да назначува пратеници во разни претпријатија и други институции кои се во надлежност на Владата, токму доаѓа до израз ваквиот судир на интересите и ваквата можност Владата да влијае на одредени пратеници или да се има чувство во јавноста дека влијае на однесувањето на пратениците во Парламентот.

Затоа, јас би апелирал да собереме сили да изгласаме еден ваков закон. Мислиме дека со изгласување на една ваква одредба барем би можеле малку да се оправдаме сите ние пред гласачите дека ќе го подигнеме рејтингот на функцијата пратеник и дека барем малку ќе ја вратиме довербата кон народните избраници дека тие сепак ќе се вратат во служба на граѓанинот, а оставам во натамошните законски проекти кои ќе ги ставиме во функција на функционирање на пратеникот како претставник на народот, да влијаеме во натамошната законска регулатива, бидејќи сметам дека во овој момент треба да се решат многу прашања и аспекти од функционирањето на пратеникот како неговите контакти со гласачите, релациите со гласачите, можноста за контакти со гласачите и слично, кои треба да се регулираат во законската регулатива. На пример, еден дел кој сега ми доаѓа на ум тоа е делот како функционираат пратениците во местата од каде што се избрани пратениците кои не се од Скопје, а можеби и од Скопје. Можеби треба да се размислува за начин на формирање на канцеларии за сите пратеници, лоби групи кои би работеле во самите места каде што ги избираат пратениците, се во смисла за да може пратеникот побрзо да дојде до избирачот и избирачот да влијае на она што се случува во Собранието на Република Македонија, со што мислам дека најголем победник во една ваква регулатива би била демократијата во Република Македонија, пред се парламентарната демократија. Меѓутоа, до формирање на една таква сложена регулатива ние би барале едно вакво парцијално решавање во законот, што мислиме дека е коректно и добро за сите пратеници. Ќе изнесам кое решение го предлагаме.

Значи, причина за донесување на законот за нас е што овој закон овозможува поконкретно уредување на прашањето на неспојливото на функцијата пратеник со други функции, што мислиме дека е важно начело и овие начела се засноваат на истите начела на кои се заснова и постојниот закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија. Бидејќи измената е кратка, ќе си дозволам од оваа говорница да ја прочитам таа измена. Имено, таа се состои само од еден член, односно интервенираме во членот 6, после ставот 2 се додава нов став а), кој гласи: "Функцијата пратеник е неспојлива со членување во управните одбори на јавните претпријатија, јавните установи, фондови, агенции, заводи и со претставување на државниот и општествениот капитал во трговските и други друштва". Сметаме дека едно вакво решение е во согласност со напредување на демократските процеси во Македонија и може да даде само еден нов придонес во квалитетот на демократското милје на нашата држава. Да не ги кажувам многубројните негативни примери кои ги имаме, а најеклатантен кој можеби најмногу се спомнува тоа е Фондот за здравство, каде што наместо осигуреници, се избрани пратеници за членови на одборот, со што е пресечена можноста демократски да има претставници на осигуреници кои би ги артикулирале интересите на осигурениците. За изминатите состојби кои егзистираат од нерегуларноста на овој аспект на законот толку би кажал.

За крај сакам да кажам дека посебно важен аспект на оваа измена која би се добила, тоа е додатна независност на Парламентот и на пратениците во однос на Владата, односно извршната власт. Мислам дека ќе се намали полето на можноста на извршната власт, односно на Владата да влијае на пратениците преку доделување и назначување на овие функции од една страна, а од друга страна преку назначувањето, преку присуството на вакви функции на пратениците, тие не би биле

заинтересирани за одредени аспекти кои ги решава Владата, законски проекти и слично.

Исто така, важен елемент кој не наведе да размислуваме за овој закон е што се елиминира двојното својство кое го има пратеникот во ситуацијата кога одлучува за основање, статус и други прашања на субјектите, а од друга страна непосредно учествува во управувањето како член на управниот одбор на тоа тело.

На крајот, сите вас би ве повикал да гласате за овој закон. Мислам дека со тоа сите заедно ќе придонесеме, без разлика на политичките убедувања, за едно ново подигање на нивото на функцијата пратеник, а со едно вакво гласање, мислам дека би направиле исчекор во етапното и постепено решавање на комплексниот проблем на функцијата пратеник во позитивна насока, во демократизацијата на таа функција, во насока на контакт со гласачите и подобро функционирање во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Тоа би го рекол од страна на предлагачот. Ние ќе гласаме "за", бараме поддршка за законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Пратеничката група на СДСМ смета дека понуденото решение за измена на Законот за избор на пратеници, не е најсреќно решение, што може да биде понудено.

Принципиелно сметаме дека на пратениците заради функцијата што ја вршат, особено оние што доаѓаат од мнозинскиот дел заради функцијата што ја вршат, особено комуникацискиот дел, што ги преставува граѓаните во општините, треба да им се овозможи со своето влијание да учествуваат во оној дел од институциите, установите, фондовите на републичко ниво и со тоа да влијаат на политиката, за која добивале глас и за која се бореле во предизборната кампања.

Во тие услови, тие не само што ќе можат како пратеници, туку ќе можат и делумно во оние органи кои ја спроведуваат политиката на ова Собрание, односно на Владата да учествуваат во мера во која ќе им се овозможи да се изборат до крај за нивната програма.

Меѓутоа, таквата можност која е дадена во Законот за избор на пратеници, во овој мандатен состав се уверивме дека на свиреп начин е изиграна.

Имено, можност за учество, заради влијание, овој закон и оваа можност да не биде забрането, се претвори во практика, Владата на Љубчо Ѓорѓиевски до сега да ги обезбедува своите решенија во Парламентот и на еден законски начин, сега ќе го употребам зборот, да ги корумпира сопствените пратеници во послушноста и во спроведувањето на се она што ќе им биде сервирано преку фактот дека токму, сите нив ги направи она што овде се забранува, а тоа е: членови на управни одбори за јавни претпријатија, членови на управни одбори на јавни установи, членови на фондови, а да не заборавиме што се случи со Управниот одбор на Фондот за здравство, кога дури и во името на со Законот осигурениците, се регрутираат пратеници од овој состав, како да сме ние единствените осигуреници на Здравственото осигурување во Македонија, агенции, заводи, и претставување во државниот и општествениот капитал во трговските друштва кои се во сопственост на Македонија или Агенцијата за приватизација.

Таквата инверзија на законот, таквото сфаќање, само оние кои се на власт од страна на мнозинството треба да ги застапуваат овие функции, не доведе во позиција за состојбата, ако ја погледнете од оваа страна, всушност да нема пратеник во централниот, или од моја страна гледано, од десниот дел на Парламентот, кој не е во ист момент член на неколку управни одбори на јавни претпријатија, кој не е член на јавни установи, на фондови, на агенции, кој не управува со државниот и општествениот капитал во неколку фирми од општината каде што потекнува, а назначен од Владата на Република Македонија, или пак, во исто време не е по неколку од овие основи, плус директор на некое од претпријатијата, со кој управува заради сопственичката структура Владата на Република Македонија. Така, не ретко ќе читаме по весници, дека еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ му го бара мандатот на друг пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, во некое претпријатие за кое надлежноста на управување ја има Владата.

Токму таквата реална ситуација, пратеничката група на СДСМ смета дека не доведува во позиција, овој закон иако не е принципиелен, во овој момент е единствениот "правен лек", кој ќе му овозможи на Љубчо Ѓоргиевски на таков

бескрупулозен начин, да ја контролира власта во Собранието, со ситна законска корумпираност на пратениците.

Од тие причини сметаме дека Законот треба да го поддржиме, а и ќе го поддржиме и сметаме дека и другите треба да го поддржат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа пратеници,

Јас само накратко ќе го изнесам ставот на Пратеничката група на ПДП дека го поддржува Предлогот за изменување и дополнување на законот за избор на пратеници на Република Македонија, од повеќе причини, кој беа до сега искажани, но и од следните кои јас сега ќе ги изнесам: иако не постои класична поделба на конфликтите на интересите во одредени политички системи, сепак, кај нас за многу прашања положбата, или функцијата пратеник, министер, судија итн., до одредена мера е регулирана и таа е неспоива со многу други функции.

Меѓутоа, кога се во прашање функциите кои се обидува Предлогот за изменување и дополнување на законот да ги регулира, за жал, не се регулирани во последниот закон и од тие причини сметам дека предлагачот со право, обрнува внимание да се спречат некој конфликтни ситуации, односно двојно, па дури и тројно својство на пратеникот да се јавува во одредени моменти, како пратеник, односно како претставник на општествениот капитал во одредени претпријатија, како член на Управен одбор, Надзорен одбор и други функции.

Мислам дека непримерно е пратеник кој е избран од народот, често пати да се јавува и во друга контролна функција, или да се испреплетуваат надлежностите, кои ги има пратеникот со статус на пратеник во Собранието и често пати со член на управен одбор, претседател на управен одбор, член на надзорен одбор на одредена установа, јавно претпријатие итн., а кои органи, односно претпријатија, односно установи се под директна надлежност на Владата.

Во тој случај, заемниот однос на контролната функција на пратеникот во својство на член на Парламентот, визави Владата, се подвргнува на друга контрола, односно негова одговорност како член на некој управен одбор, надзорен одбор од страна на Владата, во чие име, или кога го назначуваат за член на управен одбор на одредена установа во некои случаи, што има прилика да ги имаме.

Треба да се обидеме до крај новиот модел да биде чист и што е можно повеќе конфликтот на интересите помеѓу функцијата пратеник, или друга функција, министер, судија итн., да ја ограничиме што е можно повеќе и улогата на пратеникот да не се појавува во двојно, или тројно својство и со тоа да се врши влијание, не само на функцијата пратеник, визави друг орган, и обратно, Влада визави пратеник, заради неговото зачленување во одреден управен одбор на јавна установа, јавно претпријатие, фонд итн.,

Има веројатно, многу други причини, кои впрочем, предлагачот на законот ги изнесе во своето воведно излагање, бидејќи пратениците беа често пати во фокусот на критиките, заради еден друг проект, кој исто така е на дневен ред на оваа седница, а кој го регулира статусот на пратениците заради привилегиите што ги носи тој и заради статусот што им го загрозува на пратениците и по истекот на мандатот, за што се избрани, ова е добар пример на граѓаните да им докажеме дека всушност, бенефициите, статусот и привилегиите што им ги нуди функцијата пратеник не се однесуваат за личното својство, или се персонифицира со луѓето кои денеска седат во овие клупи, туку напротив, во моментите кога цениме дека функцијата пратеник не треба да повлекува со себе други бенефиции, визави остварувањето на положбата и функција член на управен одбор итн., туку прашањето на статусот на пратениците треба да се регулира со закон, кој посебно ќе ги регулираат тие прашања, додека бенефициите и положбата што им ги овозможуваат ваквите законски решенија, за негово претставување во овие органи да С9 спречи и со тоа ќе изградиме еден принципиелен став кон положбата, односно статусот на пратеникот и ќе можеме да ги избегнеме сит9 критики кои се упатуваат на наша адреса, како носители на законодавната активност, дека со наши решенија, како носители на законодавната активност, овозможуваме положба несоодветна на функцијата што ја вршиме.

Од тие причини, да не се напаѓаме позиција, опозиција, бидејќи сегашната положба е актуелна на повеќето од пратениците, или на огромното мнозинство

подеднакво е иста и подеднакво имаме шанси да бидеме членови на управни одбори, одбегнувајќи ја таквата евентуална критика која може да се упати, бидејќи сите сме во еднаква положба, затоа јас и мојата пратеничка група, одбегнувајќи ги таквите евентуални критики, кои можат да дојдат, го поддржуваме предлогот и мислам дека е добро повеќето пратеници од сите политички партии да го поддржат Законот и отсега натаму да не ни се повторуваат вакви случаи за нашата активност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Што се однесува до Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија јас само ќе потсетам за да не се повторувам со колегите. Јас го прифаќам овој Предлог на закон, бидејќи функцијата пратеник со многу други функции се поклопува. Затоа го поддржувам овој Предлог на закон за да се знае дека функцијата пратеник е само пратеник, за да не се девалвира со други функции.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Звонко Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Во врска со Предлогот на нашата партија, во врска со овој закон, јас би сакал уште еднаш да кажам дека правењето на една широко коалициона Влада за Република Македонија и за македонскиот народ и за македонското стопанство значи менување на начинот на практикувањето на власта.

Тоа што во изминатите десетина години Република Македонија не успеа да се доведе до поделба на власта на законодавна, судска и извршна, имаше силни импликации врз настаните кои што настанаа во нашата Република врз економскиот живот, односно врз стопанството и во услови на едни несакани дејствија, кои денеска се случуваат во нашата држава.

Од тие причини, јас да придонесам за афирмирањето на овој Предлог за изменување на законот, јас би сакал да кажам од кои побуди размислувам дека овој закон е добар, зошто не можам да се согласам некои членови на овој законодавен дом, кој учествуваме во донесувањето на одредени закони, да учествуваат во одредени државни институции, државни агенции, управни одбори најавни претпријатија, фондови итн.

Како ние би вршеле контрола, како законодавен дом врз извршната власт, ако нема разграничување помеѓу законодавната и извршната власт. Како јас како пратеник на одредена политичка партија, кога би учествувал како член на некој управен одбор, би се спротивставил на донесувањето на некој закон, кој што би бил на штета на работата на тоа јавно претпријатие, или на тој фонд.

Затоа, мислам дека повеќе примери кои што се случија во изминатиот период во управните одбори на некои јавни претпријатија, агенции, како и Агенцијата за приватизација, многу негативно се одразија вкупно на политичката клима во Република Македонија. Така имавме сугестии од Владата, заради составот на управните одбори од коалициони партнери, кои што ја сочинуваат, да беа превземени такви чекори кога се донесуваат некои одлуки, што беа на штета на јавното претпријатие, на штета на државата и на штета на народот.

Всушност, вака размислувајќи, мислам дека и во управните одбори и во Агенцијата за приватизација, а ние 1998 година кажавме дека ќе направиме ревизија на криминалната приватизација. Меѓутоа, од 1998 година кога дојде на власт оваа Влада, продолжи на ист начин, како што претходно се вршеше приватизацијата на стратешки, односно на стопански субјекти во државата.

Ние влеговме во оваа широка коалициона Влада, заради тешката безбедносна состојба во државата и заради тешката социјална положба во државата, да се избегне една состојба, која би можела да ескалира низ целата држава.

Меѓутоа, ние исто така влеговме во широка коалициона Влада со надеж дека ќе проработи совеста кај сите колеги пратеници, кои се затегнати на функциите, како членови на разни управни одбори, надзорни одбори во државните институции, по агенциите итн.

Јас мислам дека треба да проработи совеста кај сите нас, да ги разграничиме

еднаш законодавната од извршната власт и да профункционира правната држава. Да се види кој се огрешил во работењето на тие функции и каква штета е направена на тој начин и да се превземе соодветна политичка и друга одговорност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Звонко Мирчески.

Има збор господинот пратеник Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Јас однапред да кажам, како што им ветив на пратениците на ВМРО-ВИСТИНСКА, дека кога ќе дојде на гласање овој Предлог на закон ќе го поддржам и тоа ветување го повторувам дека нивниот предлог и понатаму го поддржувам и кога ќе дојде чинот на гласање ќе го поддржам. Меѓутоа, сакам да кажам некои работи кои ми се чини, беа овдека извртени.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа се следните работи:

Владата во досегашното работење ги има почитувано и користено позитивните законски прописи. Имено, законот досега овозможувал Владата да назначува и да именува пратеници во управни одбори на јавни претпријатија, на агенции, на фондови и колку што добро се сеќавам пратениците и на ВМРО-ВМРО, исто така беа членови на такви агенции, јавни претпријатија и фондови.

Исто така, една работа што мислам дека не е во ред, тоа е времето кое е избрано да се предлагаат овие измени и дополнувања на Законот за избор на пратеници, кога Македонија се наоѓа во една жестока војна со терористички банди. Мислам дека Владата има побитни работи,уште овие неколку месеци што и преостануваат во нејзиното работење, нели, договорени се предвремени парламентарни избори, отколку да се занимава со кадровски решенија, кој каде и во кој управен одбор да биде. Но, без разлика на сето тоа мислам дека ќе биде најдобро, затоа што како точка на дневен ред имаме уште една измена, односно Закон за пратеници, по предлог на пратеникот Слободан Даневски. Овие прашања мислам дека токму тоа го опфаќаат.

Предлагам, ако прифаќаат предлагачите да поднесеме амандман кој ќе биде составен дел на Законот за пратеници кој го предлага пратеникот Слободан Даневски и како составен дел на тој закон, подоцна да биде ставен пред Собранието и да биде изгласан или не од пратениците на Собранието. Значи ова е чисто мој предлог, до предлагачите, бидејќи гледам дека тука е потпишана цела пратеничка група, ако предлагачите прифаќаат како амандман да биде вметнат во Законот на господинот Слободан Даневски, за избор на пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Пандов.

За збор повторно се јавува господинот Звонко Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Се јавувам за реплика господине потпретседател.

Прифаќам добар дел од дискусијата на колегата Пандов и се согласувам дека Владата кога ги правела овие делегираа на пратеници во составот на управните одбори на јавните претпријатија и управни одбори на агенции и фондови, секако дека работела според Законот. Јас се согласувам дека е работено според Законот.

Нашиот предлог за изменување на Законот е во времето на месец јануари. Тоа што досега не успеа да се најде на дневен ред на една од седниците на Собранието, тоа е проблем во работата на претседателството на Собранието, а не е вина на пратеничката група која го предложи Законот тогаш.

Во однос на вашата констатација дека времето денес не е погодно, дека актуелно безбедносната состојба не е таква Владата да се занимава со овие работи, исто така се согласувам, но би ве замолил да го искористите вашето влијание, заради тоа што ние, исто така, сметаме дека сега не е време кога првиот или вториот ден од правењето на широката Влада, наредниот ден веднаш да осамне со приватизација на половина крајбрежје на Охридското Езеро, наредниот ден приватизација на "Југохром" итн. Јас заради тоа се јавив за реплика. Мислам дека е време да се стави крај еднаш, значи да се стабилизира безбедносната состојба, меѓутоа овие состојби навистина се за загрижување. Човек не знае просто што повеќе загрижува, дали безбедносната состојба, или пак овие"два-три месеци што се преостанати", да се продолжи ова што е започнато, во мисла на приватизација.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, еве гледам сега се јавија уште шест пратеници за дискусија.

Ми се јавија повеќе колеги од повеќе политички партии кои имаат и други политички партиски обврски, закажани за во 19 часот, да бидат ослободени за да можат да идат да ги извршат и овие обврски. Дали сега ќе имаме долу да завршиме порано, или не, за тоа треба да одлучиме сите заедно овде. Јас условно кажав дека ќе направиме таква работа, со тоа утре во 11,00 часот да продолжиме со работа, со констатација да работиме до 16,00 часот без прекин.

Еве сега во моментот ми се јавува господинот Златко Стојменов сака кратко да се изјасни по предлогот.

Повелете.

Предлагачот на законот сака да се произнесе кратко околу предлогот на Пандов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ќе бидам сосема краток, само една реченица ќе кажам.

Бидејќи беше даден предлог предлагачот да го повлече законот за да се внесе како амандман во законот кој е нареден. Ние со тоа не се согласуваме, бидејќи имаме некои наши размислувања околу овој закон, не сме сигурни околу судбината на законот. Затоа сакаме оваа измена секако да оди како таква и не го прифаќаме предлогот, очекуваме да се гласа посебно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро. Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот).